# Студија на обичајното меѓународно хуманитарно право: Придонес кон разбирање и почитување на владеењето на правото во вооружен судир

Жан-Мари Хенкерц*

Жан-Мари Хенкерц е правен советник во Правниот оддел на Меѓународниот комитет на Црвениот крст и раководител на Проектот на МКЦК за обичајно меѓународно хуманитарно право. Тој неодамна со Луиз Досвалд-Бек изготви двотомен труд за обичајното меѓународно хуманитарно право во издание на Cambridge University Press.

***Резиме***

*Овој напис ги објаснува основите на студијата за обичајното хуманитарно право што неодамна ја направи МКЦК на барање на Меѓународната конференција на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Тој ја објаснува користената методологија, организацијата на студијата и резимира некои од најважните наоди, без намера да даде целосен преглед или нивна анализа.*

* Авторот би сакал да му се заблагодари на Ерик Монгелар за помошта при изготвувањето на овој напис, како и на Луиз Досвалд-Бек и на колегите од Правниот оддел за многубројните коментари. Ставовите изнесени во овој напис се на авторот и не ги изразуваат нужно ставовите на Меѓународниот комитет на Црвен крст.

## *Вовед*

Во периодот од педесетината години по усвојувањето на Женевските конвенции од 1949 година, човештвото доживеа алармантен број вооружени судири речиси на сите континенти. Во текот на овој период, четирите Женевски конвенции и нивните Дополнителни протоколи од 1977 година предвидоа правна заштита на лицата кои не учествуваат или кои престанале директно да учествуваат во непријателствата (ранети, болни, бродоломници, лица лишени од слобода од причини поврзани со вооружениот судир и цивили). Но и покрај тоа, имаше бројни повреди на овие договори, што резултираа во страдања и човечки загуби што можеби ќе беа избегнати доколку повеќе се почитуваше меѓународното хуманитарно право.

Општо мислење е дека повредите на меѓународното хуманитарно право не се резултат на неадекватноста на неговите правила. Тие повеќе произлегуваат од немањето волја да се почитуваат правилата, недоволните средства за обезбедување на нивната примена, нејаснотиите во врска со нивната примена во определени околности како и недостигот на свест за нивното постоење кај политичките лидери, команданти, борци и општата јавност.

На Меѓународната конференција за заштита на жртвите од војните што се одржа во Женева во август-септември 1993 година, посебно се дискутираше околу начините на кои може да им се пристапи на повредите на меѓународното хуманитарно право, но притоа не беа предложени за усвојување нови договорни одредби. Наместо тоа, во Финалната декларација усвоена со консензус Конференцијата одново ја потврди "потребата за поефикасна имплементација на меѓународното хуманитарно право" и ја повика швајцарската влада "да свика отворена меѓувладина експертска група која ќе ги проучи практичните средства за промовирање на целосно почитување на тоа право и да изготви извештај што ќе биде поднесен до Државите на следната сесија на Меѓународната конференција на Црвениот крст и Црвената полумесечина"[1].

Меѓувладината група експерти за заштита на жртвите од војните се состана во Женева во јануари 1995 година и усвои серија од препораки со цел зајакнување на почитувањето на меѓународното хуманитарно право, особено преку превентивни мерки со кои би се обезбедило подобро запознавање и поефикасна имплементација на правото. Со Препораката II на Меѓувладината група на експерти беше предложено:

МКЦК да се повика да изготви, со помош на експерти по МХП (меѓународно хуманитарно право) кои припаѓаат на различни географски региони и правни

[1] Меѓународна конференција за заштита на жртвите од војните, Женева, 30 август - 1 септември 1993 година, Финална декларација, *International Review of the Red Cross*, No. 296, 1993, стр. 381.

системи[2], а во консултација со експерти од владите и меѓународните организации, извештај за обичајните правила на МХП што се применуваат во меѓународни и немеѓународни вооружени судири, и да го достави извештајот до Државите и надлежните меѓународни тела.

Во декември 1995 година, 26тата Меѓународна конференција на Црвениот крст и Црвената полумесечина ја поздрави оваа препорака и официјално го овласти МКЦК да подготви извештај за обичајните правила на меѓународното хуманитарно право што се применуваат во меѓународни и немеѓународни вооружени судири.[3] Овој извештај, кој сега се нарекува студија за обичајното хуманитарно право, е објавен приближно десет години подоцна, во 2005 година, по обемното истражување и широка консултација со експерти.[4]

## Цел

Целта на студијата за обичајното меѓународно хуманитарно право е да се надминат некои од проблемите поврзани со примената на договорното меѓународно хуманитарно право. Договорното право е добро развиено и покрива многу аспекти на водењето војна, пружајќи заштита на повеќе категории лица и ги лимитира дозволените средства и методи на војување. Женевските конвенции и нивните дополнителни протоколи предвидуваат обемен режим на заштита на лицата кои не учествуваат, или кои повеќе не учествуваат директно во непријателствата. Регулирањето на средствата и методите на војување во договорното право датира од 1868 со Декларацијата од Петерсбург, Хашките регулативи од 1899 и 1907 и Женевскиот протокол за гас од 1925 година, а во поновите документи со Конвенцијата за биолошко оружје од 1972 година, Дополнителните протоколи од 1977 година, Конвенцијата за определени конвенционални оружја од 1980 година и нејзините пет протоколи, Конвенцијата од 1993 година за хемиско оружје и Конвенцијата од 1997 година за забрана на антиперсонални мини. Заштитата на културните добра во вооружен судир е детално регулирана во Хашката конвенција од 1954 година и нејзините два Протокола. Статутот на Меѓународниот кривичен суд од 1998 година содржи, меѓу другото, листа на воени злосторства кои се предмет на надлежност на Судот.

Постојат, меѓутоа, две сериозни пречки за примената на овие договори во тековните вооружени судири кои објаснуваат зошто студијата за обичајното меѓународно хуманитарно право е неопходна и корисна. Како прво, договорите се применуваат само во однос на Државите кои ги ратификувале. Ова

---

[2] Состанок на Меѓувладината група на експерти за заштита на жртвите од војната, Женева, 23-27 јануари 1995 година, Препорака II, *International Review of the Red Cross*, No. 310, 1996, стр. 84.
[3] 26та Меѓународна конференција на Црвен крст и Црвена полумесечина, Женева, 3-7 декември 1995 година, Резолуција I, Меѓународно хуманитарно право: Од право до акција; Извештај за превземените чекори по одржаната Меѓународна конференција за заштита на жртвите од војната, *International Review of the Red Cross*, No. 310, 1996, стр. 58.
[4] Жан-Мари Хенкерц и Луиз Досвалд-Бек, Обичајно меѓународно право, 2 тома, Том I Правила, Том II Практика (2 дела), *Cambridge University Press*, 2005.

значи дека различните договори од доменот на меѓународното хуманитарно право се применуваат во различни вооружени судири во зависност од тоа кои договори ги имаат ратификувано инволвираните Држави. Додека четирите Женевски конвенции од 1949 година се универзално ратификувани, тоа не се однесува и на останатите договори од хуманитарното право, на пример на Дополнителните протоколи. Иако Дополнителниот протокол I е ратификуван од повеќе од 160 Држави, неговата ефикасност денес е ограничена поради тоа што неколку Држави инволвирани во меѓународни вооружени судири не се страни на Протоколот. Слично на тоа, иако приближно 160 Држави го имаат ратификувано Дополнителниот протокол II, неколку Држави во кои се одвиваат немеѓународни вооружени судири тоа не го имаат сторено. Во овие немеѓународни вооружени судири, членот 3 кој е заеднички за четирите Женевски конвенции честопати е единствената одредба од договорното хуманитарно право што може да се примени. Според тоа, првата цел на студијата е да се определи кои правила од меѓународното хуманитарно право се дел од обичајното хуманитарно право и како такви се применливи на сите страни во судирот, без оглед на тоа дали тие ги имаат ратификувано договорите кои содржат исти или слични правила.

Второ, договорното хуманитарно право не ги регулира доволно детално голем дел од денешните вооружени судири, а тоа се немеѓународните вооружени судири, бидејќи овие судири се предмет на далеку помал број правила во споредба со меѓународните судири. Само ограничен број договори се применуваат на немеѓународните вооружени судири, имено Конвенцијата за определени конвенционални оружја (изменета), Статутот на Меѓународниот кривичен суд, Конвенцијата од Отава за забрана на антиперсоналните мини, Конвенцијата за хемиски оружја, Хашката конвенција за заштита на културни добра и нејзиниот втор протокол, и како што беше споменато, Дополнителниот протокол II и членот 3 заеднички за четирите женевски конвенции. Иако заедничкиот член 3 има фундаментално значење, тој претставува само рудиментирана рамка на минимум стандарди. Дополнителниот протокол II корисно го дополнува заедничкиот член 3, но сепак е помалку детален во споредба со правилата кои се однесуваат на меѓународните вооружени судири во Женевските конвенции и Дополнителниот протокол I.

Дополнителниот проткол II содржи само 15 материјални членови, додека Дополнителниот проткол I има повеќе од 80. Иако само од бројките не може да се извлече заклучок, сепак тие укажуваат на значителен диспаритет во договорното регулирање на меѓународните и немеѓународните вооружени судири, особено кога станува збор за детални правила и дефиниции. Според тоа, втората цел на студијата беше да определи дали обичајното меѓународно право подетално ги регулира немеѓународните вооружени судири од договорното право и, ако е тоа така, во колкав обем.

## Методологија

Статутот на Меѓународниот суд на правдата го опишува обичајното меѓународно право како "генерална практика прифатена како право"[5]. Широко е прифатено дека постоењето на правило на меѓународното обичајно право претпоставува постоење на два елемента, имено Државна практика (*usus*) и верување дека таквата практика е потребна, забранета или дозволена, во зависност од природата на правилото, како прашање на право (*opinio juris sive necessitatis*). Како што утврди Меѓународниот суд на правдата во случајот *Continetal Shelf*: "Се разбира дека е аксиоматски материјалот на меѓународното обичајно право да се бара првенствено во актуелната практика и *opinio juris* на Државите."[6] Точното значење и содржината на овие два елемента беше предмет на многу академски написи. Пристапот на студијата при определувањето дали постои правило од општото меѓународно обичајно право е класичен, утврден од Меѓународниот суд на правдата, особено во случајот *North Sea Continental Shelf*.[7]

## Практика на Државата

Практиката на државата може да се разгледува од два агли: прво, која практика придонесува за создавање на обичајно меѓународно право (избор на државна практика); и второ, дали таа практика создава правило на обичајно меѓународно право (оценка на државната практика).

## Избор на државна практика

И физичките и вербалните акти на државите претставуваат практика која придонесува за создавање на обичајно меѓународно право. Физичките акти опфаќаат, на пример, однесување на военото поле, употреба на определени оружја и третман на определени категории лица. Вербалните акти опфаќаат воени прирачници, национална легислатива, национална судска практика, инструкции на вооружените и безбедносните сили, воени комуникеа за време на војна, дипломатски протести, мислења на официјални правни советници, коментари на владите на нацрт договорите, извршни одлуки и регулативи, обраќања пред меѓународни судови, изјави во меѓународни форуми и ставови на владата за резолуциите усвоени од меѓународни организации. Оваа листа покажува дека практиката на извршните, законодавните и судските органи на државата може да придонесе за создавање на обичајно меѓународно право.

---

[5] Статут на Меѓународниот суд на правдата, член 38(1)(б).

[6] Меѓународен суд на правдата, случај *Continental Shelf* (Либијска Арапска Џамахирија против Малта), пресуда, 3 јуни 1985, *ICJ Reports* 1985, стр. 29-30, став 27.

[7] Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf cases*, Пресуда, 20 февруари 1969, *ICJ Reports* 1969, стр.3.

Преговарањето и усвојувањето на резолуции од страна на меѓународни организации или конференции, заедно со објаснувања за гласањето, се акти на инволвираните држави. Со мали исклучоци, прифатено е дека резолуциите вообичаено не се обврзувачки, и дека вредноста на определена резолуција при оценката дали таа создава правило на меѓународното обичајно право зависи од нејзината содржина, степенот на нејзината прифатеност и конзистентноста на релевантната државна практика.[8] Колку е поголема поддршката на резолуцијата, толку е поголемо значењето кое треба да ѝ се придаде.

Иако одлуките на меѓународните судови се субсидијарни извори на меѓународното право[9], тие не претставуваат практика на државите. Ова е така поради тоа што, за разлика од националните судови, меѓународните судови не се органи на државата. Но и покрај тоа, одлуките на меѓународните судови се значајни бидејќи наодот на еден меѓународен суд за постоење на правило на меѓународно обичајно право претставува убедлив доказ за истото. Покрај тоа, поради прецедентната вредност на нивните одлуки, меѓународните судови исто така придонесуваат за појава на правило на меѓународното обичајно право преку влијание врз подоцнежната практика на државите и меѓународните организации.

Практиката на вооружените опозициони групи, како што се кодекси на однесување, заложби за почитување на определени правила на меѓународното хуманитарно право и други изјави, не претставуваат практика на државите. Иако таквата практика може да содржи докази за прифаќање на определени правила во немеѓународните вооружени судири, нејзиното правно значење е нејасно, па како резултат на тоа таа не се користеше во поткрепа на докажувањето на постоењето на обичајно меѓународно право. Примери од таквата практика се набројани во вториот том од студијата под "други практики".

## Оценка на практиката на Државите

Практиката на државите треба да се оцени во смисла дали таа е доволно "густа" за да создаде правило на обичајното меѓународно право[10]. За да се создаде правило на обичајното меѓународно право, практиката на Државите треба да биде практично униформна, екстензивна и репрезентативна[11]. Да видиме подетално што значи тоа.

Прво, за практиката на Државите да создаде правило на обичајното меѓународно право, таа мора да биде практично униформна. Постапувањето на

[8] Важноста на овие услови ја истакна меѓународниот суд на правда, Законитост на заканата или употребата на нуклеарни оружја, Советодавно мислење, 8 јули 1996, *ICJ Reports* 1996, стр. 254-255, став 70-73.

[9] Статут на Меѓународниот суд на правдата, член 38(1)(д)

[10] Изразот "густа" во овој контекст произлегува од Сер Хемфри Валдок, "Општ курс за меѓународно јавно право", *Collected Courses of the Hague Academy of International Law*, Vol. 106, 1962, стр. 44.

[11] Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf case*, op.cit. (забелешка 7), стр. 43, став 74.

различните држави не смее да биде многу различно. Практиката на Меѓународниот суд на правдата покажува дека спротивната практика, која на прв поглед изгледа како да ја нарушува воедначеноста на практиката за која станува збор, не спречува создавање на правило на меѓународно обичајно право, под услов ваквата спротивна практика да ја осудуваат други држави или да ја негира самата влада. Со таквата осуда или негирање, правилото за кое што станува збор всушност се потврдува[12].

Ова е посебно значајно за определен број правила на меѓународното хуманитарно право за кои што постојат многубројни докази на практика на државите во прилог на правилото, но и докази за повторени повреди на тоа правило. Во случаите кога повредите на правилото биле проследени со оправдувања од страна на засегнатата страна и/или осуда од страна на други држави, тие не се од таква природа да можат да го оспорат постоењето на правилото за кое станува збор. Државите што сакаат да променат постојно правило на обичајното меѓународно право тоа треба да го направат преку нивната официјална практика и да се повикуваат на неговото остварување како на право.

Второ, за да се создаде правило на општото меѓународно обичајно право, практиката на државите мора да биде истовремено и екстензивна и репрезентативна. Меѓутоа таа не мора да биде универзална, доволна е "генерална" практика[13]. Не се бара прецизен број или процент на државите. Една од причините поради која е невозможно да се определи точна бројка за обемот на потребното учество е поради тоа што овој критериум е во суштина квалитативен наместо квантитативен. Тоа значи дека не се работи едноставно за прашањето колку држави учествуваат во практиката, туку исто така и за тоа кои се тие држави[14]. Според зборовите на Меѓународниот суд на правдата во случајот *North Sea Continental Shelf*, практиката мора да ги "опфати државите чии што интереси се посебно засегнати"[15].

Ова размислување имплицира две работи: (1) ако се претставени сите посебно засегнати Држави, не е неопходно мнозинство на државите активно да учествувале, туку мора барем молкум да ја прифатат практиката на "посебно засегнатите држави"; и (2) доколку "посебно засегнатите држави" не ја прифатат практиката, таа не може да созрее во правило на меѓународното обичајно право, и покрај тоа што, како што е објаснето, едногласноста не

---

[12] Види Меѓународен суд на правдата, *Case concerning Military and Paramilitary Activities in and against Nicaragua (Nicaragua v. United States)*, Пресуда, 27 јуни 1986, *ICJ Reports* 1986, стр. 98 став 186.

[13] Меѓународна асоцијација на правници, Конечен извештај на Комитетот за создавање на општо обичајно меѓународно право, Принципи што се применуваат за создавање на општо обичајно меѓународно право. Извештај на Шеесет и деветата конференција, Лондон 2000, Принцип 14, стр. 734 (во натамошниот текст "ILA Report").

[14] *Ibid.*, Коментар (д) и (е) на принципот 14, стр. 736-737.

[15] Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf cases*, *op.cit.* (забелешка 7), стр. 43, став 74.

е потребна.[16] Прашањето за тоа кој, согласно меѓународното хуманитарно право, е "посебно засегнат" може да варира, зависно од околностите. Во врска со легалитетот на употребата на заслепувачки ласерски оружја, на пример, "посебно засегнати Држави" се оние идентификувани како држави кои се во процес на производство на вакви оружја, иако други држави потенцијално би можеле да страдаат од нивната употреба. Слично на тоа, "посебно засегнати" се држави на кои им е потребна хуманитарна помош, исто како и држави кои често даваат таква помош. Во поглед на било кое правило на меѓународното хуманитарно право, земјите што учествувале во вооружен судир се "посебно засегнати" кога нивната практика истражувана во контекст на определено правило била релевантна за тој вооружен судир. Иако во определени области од меѓународното хуманитарно право би можело да постојат посебно засегнати држави, исто така е точно дека сите држави имаат правен интерес да бараат почитување на меѓународното хуманитарно право од други држави, иако тие не се страни во судирот.[17] Покрај тоа, сите држави можат да страдаат од средства и методи на војување што ги применуваат други држави. Како резултат на тоа, практиката на сите Држави во смисла на тоа дали тие се или не се "посебно засегнати" мора да се разгледува во строга смисла на зборот.

Во студијата не се разгледуваше прашањето за тоа дали е правно можно да се биде "упорен противник" на правилата на обичајното меѓународно хуманитарно право. Додека многумина сметаат дека не е можно да се биде упорен противник на правила што претставуваат *jus cogens*, други ја доведуваат во сомевање и самата континуирана валидност на поимот на упорен противник.[18] Доколку се прифати дека правно е можно да се биде упорен противник, засегнатата Држава мора да се спротивстави на појавата на нова норма во текот на нејзиното создавање и да продолжи да ѝ се спротивставува потоа; не е е можно да се биде "противник отпосле".[19]

Со оглед на тоа што вообичаено треба да помине определено време пред да се појави правило на обичајното меѓународно право, не постои посебна временска рамка. Многу повеќе, решавачки фактор се акумулацијата на практиката со определена густина, во смисла на униформност, обем и репрезентативност.[20]

[16] ILA Report, *op.cit.* (ноте 13) коментар (е) на принципот 14, стр. 737.
[17] Види Обичајно меѓународно хуманитарно право, *op.cit.* (забелешка 4). Том I, коментар на Правилото 144.
[18] За продлабочена анализа на ова прашање види Maurice H. Mendelson: "The Formation of Customary International Law", *Collected courses of the Hague Academy od International Law*, Vol. 272, 1998, стр. 227-244.
[19] ILA Report, *op.cit.* (забелешка 13),коментар (б) на Принципот 15, стр. 738
[20] *Ibid*, коментар (б) на Принципот 12, стр. 731.

## Opinio juris

Барањето за *opinio juris* при утврдувањето на постоењето на правило на обичајното меѓународно право се однесува на правното убедување дека определена практика се спроведува "како право". Формата во која се изразени практиката и правното убедување може многу да се разликува во зависност од тоа дали правилото за кое станува збор содржи забрани, обврска или само право на определено однесување.

Во текот на работата врз студијата, се покажа дека е мошне тешко и во голема мера теоретско прашање, строго да се разграничат елементите на практиката и правното убедување. Често пати, еден ист акт истовремено претставува и практика и правно убедување. Како што укажа Здружението за меѓународно право, Меѓународниот суд на правдата "всушност нема речено со толку многу зборови дека само поради тоа што (наводно) во обичајното право постојат различни елементи, едно исто однесување не може да ги манифестира обата. Всушност, честопати е тешко, па дури и невозможно да се разграничат двата елементи".[21] Ова е така особено поради тоа што вербалните акти, како што се воените прирачници, се сметааат за практика на Државата и во исто време честопати го одразуваат правното убедување на инволвираната држава.

Онаму каде што постои доволно густа практика, *opinio juris* генерално е содржан во рамките на таа практика, и како резултат на тоа не е потребно посебно да се демонстрира постоењето на *opinio juris*. Меѓутоа, во ситуации кога практиката е нејасна, *opinio juris* игра значајна улога при определувањето дали таа практика води кон создавање на обичај. Ова е чест случај со несторувањата, кога Државата не превзема определено дејствије или реагира, но не е јасно зошто. Во вакви случаи и Меѓународниот суд на правдата и неговиот претходник, Постојаниот суд на меѓународната правда, се обидуваа да го утврдат одделното постоење на *opinio juris* со цел да се утврди дали случаите на нејасна практика водат кон создавање на обичајно меѓународно право.[22]

Во сферата на меѓународното хуманитарно право, каде што многу правила бараат воздржување од определено однесување, пропуштањата претставуваат посебен проблем при оценката на *opinio juris* поради тоа што треба да се докаже дека воздржувањето не е коинциденција туку дека тоа се темели

---

[21] *Ibid.*, стр. 718, став 10 (c). За продлабочена анализа на ова прашање, види Peter Haggenmacher, "La doctrine des deux éléments du droit coutumier dans la pratique de la Cour internationale", *Revue générale de droit international public*, Vol. 90, 1986, стр. 5

[22] Види пр. Постојан суд на меѓународната правда, случај *Lotus* (Франција против Турција) пресуда, 7 септември 1927, PCIJ Ser. A, No. 10, стр. 28 (Судот утврди дека Државите не се воздржале од гонење на незаконити дејствија сторени на бродови поради тоа што се чувствувале дека тоа им било забранeто); Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf cases, op.cit.* (забелешка 7) стр. 43-44, став 76-77 (Судот утврдил дека државите кои ги имаат утврдени границите на крајбрежниот појас врз основа на принципот на еквидистанца не го направиле тоа поради тоа што се чувствувале обврзани да го сторат тоа). *ILA Repor, op.cit.* (забелешка 13), Принцип 17 (iv) и коментарот.

на легитимно очекување. Кога во меѓународните инструменти и официјалните изјави се укажува на барањето за воздржување, постоењето на правен услов за воздржување од определено однесување обично може да се докаже. Покрај тоа, овие воздржувања можат да се случат откако однесувањето за кое што станува збор предизвикало определени контроверзи, што исто така помага да се докаже дека воздржувањето не било случајно, и покрај тоа што не е секогаш лесно да се докаже дека воздржувањето настанало вон некоја правна обврска.

## Влијание на договорното право

Договорите се исто така релевантни при определувањето на постоењето на обичајно право, бидејќи тие помагаат да се фрли светлина на тоа како Државите гледаат на определени правила на меѓународното право. Поради тоа, во студијата беа вклучени и ратификациите, толкувањето и имплементацијата на договорите, вклучувајќи ги резервите и интерпретативните изјави дадени при ратификацијата. Во случаите *North Sea Continental Shelf*, Меѓународниот суд на правдата јасно утврди дека степенот на ратификација на договорот е релевантен за оценката на меѓународното обичајно право. Во тој случај Судот утврди дека иако "бројот на досегашни ратификации и пристапувања (39) е респектибилен, тој е едвај доволен" особено во контекст кога практиката вон договорите е контрадикторна.[23] Спротивно на ова, во *Nicaragua case*, Судот при оценката на обичајниот статус на правилото за неинтервенција, му дал голема тежина на фактот што Повелбата на Обединетите нации е речиси универзално ратификувана.[24] Дури може да се случи една договорна одредба да одразува обичајно право дури и ако договорот сеуште не е во сила, доколку постои доволно слична практика, од страна и на засегнатите Држави, така што постои мала веројатност за големо спротивставување на правилото за кое станува збор.[25]

Во практиката, формулирањето на договорните норми помага да се фокусира светското правно мислење и тоа има неспорно влијание врз подоцнежното однесување и правно убедување на Државите. Меѓународниот суд на правдата ова го утврди во својата пресуда во случајот *Continental Shelf* во која изјави дека "мултилатералните конвенции можат да имаат важна улога при забележувањето и дефинирањето на правилата кои произлегуваат од

---

[23] Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf cases, op.cit.* (забелешка 7) стр. 42, став 73.

[24] Меѓународен суд на правдата, *Case concerning Military and Paramilitary Activities in and against Nicaragua, op. cit.* (заблелешка 12) стр. 99-100, став 188. Друг значаен фактор за одлуката на Судот беше тоа што релевантните резолуции на Генералното собрание на ООН се широко одобрени, посебно Резолуцијата 2625 (XXV) за пријателските односи помеѓу Државите, која беше усвоена без гласање.

[25] Меѓународен суд на правдата, *Continental Shelf case, op.cit.* (забелешка 6), стр. 33, став 34. (Судот сметал дека концептот на ексклузивна економска зона станал дел од обичајното меѓународно право, иако Конвенцијата на ООН за поморско право сеуште не стапила во сила, бидејќи бројот на барања за ексклузивни економски зони пораснал на 56, вклучувајќи и неколку посебно засегнати Држави).

обичајот, или во нивното создавање".[26] Со тоа Судот потврди дека договорите можат да го кодифицираат претходно постоечкото обичајно меѓународно право, но тие исто така можат да постават основи за развој на нови обичаи засновани на нормите содржани во овие договори. Судот отишол и толку далеку што утврдил дека "тоа би можело да значи дека . . . широкото и репрезентатитвното учество во конвенцијата е доволно само по себе, под услов да биле опфатени и Државите чии што интереси се посебно засегнати".[27]

Студијата го заседе внимателниот пристап според кој широко распространетата ратификација е само индикација, и таа треба да се оценува во врска со други елементи на практиката, особено практиката на Државите кои не се страни на договорот за кој станува збор. Конзистентната практика на Државите кои не се страни се смета за значаен позитивен показател. Меѓутоа, спротивната практика на Државите кои не се страни, се смета за значен негативен показател. Исто така од посебно значење е практиката на Државите страни *vis-a-vis* Државите кои не се страни.

Оттука, студијата не се ограничи на практиката на Државите кои не се страни на релевантните договори од меѓународно хуманитарно право. Да се ограничи студијата на разгледување на практиката на само 30 Држави кои не ги ратификувале Дополнителните протоколи, на пример, не би било во согласност со условот дека меѓународното обичајно право треба да се темели на широкораспространета и репрезентативна практика. Оттука, при оценката за постоењето на обичајно право беше земен предвид фактот што во времето на објавувањето на студијата Дополнителниот протокол I бил ратификуван од страна на 162 држави, а Дополнителниот протокол II од страна на 157 држави.

Треба да се нагласи дека студијата не настојува да ја определи обичајната природа на секое договорно правило на меѓународното хуманитарно право, и како резултат на тоа таа нужно не ја следи структурата на постојните договори. Студијата повеќе се занимава со анализа на прашањата со цел да се утврди кои правила на обичајното меѓународно право можат да се изведат по пат на индукција врз основа на државната практика во однос на овие прашања. Со оглед на тоа што избраниот пристап не ја анализира секоја договорна одредба со цел да утврди дали таа е обичајна норма или не, не може да се изведе заклучок дека било која договорна одредба не е обичајна само поради тоа што таа, како таква, не се јавува во оваа студија.

## Организација на студијата

Со цел да се утврди најдобриот начин за исполнување на мандатот кој му беше доверен на МКЦК, авторите консултираа група на научни експерти по

---

[26] Меѓународен суд на правдата, *Continental Shelf case*, *op.cit.* (забелешка 6), стр. 29-30, став 27.
[27] Меѓународен суд на правдата, *North Sea Continental Shelf cases*, *op.cit.* (забелешка 7) str. 42, став 73; види исто *ILA Report*, *op.cit.* (забелешка 13), Принципи 20-21, 24, 26 и 27, стр. 754-765.

меѓународно хуманитарно право кои го сочинуваа Управниот комитет на студијата.[28] Управниот комитет усвои план за акција во јуни 1996 година а истражувањето започна во октомври. Истражувањето беше спроведено со користење на национални и меѓународни извори кои ја рефлектираат практиката на државите и тоа беше фокусирано на шест делови на студијата идентификувани во планот за акција:

- Принципот на дистинкција
- Посебно заштитени лица и објекти
- Посебни методи на војување
- Оружја
- Третман на цивили и лица *hors de combat*
- Имплементација

## Истражување на национални извори

Со оглед на тоа што националните извори се полесно достапни во рамките на земјата, беше одлучено да се побара соработка со национални истражувачи. За оваа цел, во речиси 50 земји беа идентификувани истражувачи или групи истражувачи (9 во Африка, 11 во Америка, 15 во Азија, 1 во Австралија и 11 во Европа) од кои беше побарано да изготват извештај за практиката на нивната држава[29]. Државите беа избрани врз основа на географската застапеност, како и неодамнешното искуство во различни видови на вооружени судири во кои беа користени различни методи на водење војна.

Воените прирачници и националното законодавство на земјите што не беа опфатени во извештаите за практиката на Државите беа исто така проучувани и собирани. Оваа работа беше олеснета со мрежата на делегациите на МКЦК низ светот, како и обемната колекција на национално законодавство што ја има Советодавната служба за меѓународно хуманитарно право на МКЦК.

## Истражување на меѓународните извори

Практиката на државите што произлегува од меѓународните извори беше собирана од страна на шест тимови, од кои секој беше сконцентриран на еден дел од студијата.[30] Овие тимови ја истражуваа практиката во рамките

---

[28] Управниот комитет го сочинуваа професорите Georges Abi-Saab, Salah El-Din Amer, Ove Bring, Eric David, John Dugard, Florentino Feliciano, Horst Fischer, Françoise Hampson, Theodor Meron, Djamchid Momtaz, Milan Šahovic и Raul Emilio Vinuesa.

[29] Африка: Алжир, Ангола, Боцвана, Египет, Етиопија, Нигерија, Руанда, Јужна Африка и Зимбабве. Америка: Аргентина, Бразил, Канада, Чиле, Колумбија, Куба, Ел Салвадор, Никарагва, Перу, САД и Уругвај. Азија: Кина, Индија, Индонезија, Иран, Ирак, Израел, Јапонија, Јордан, Република Кореја, Кувајт, Либан, Малезија, Пакистан, Филипини и Сирија. Австралија. Европа: Белгија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Франција, Германија, Италија, Холандија, Руска Федерација, Шпанија, Обединетото Кралство и Југославија.

[30] Принцип на дистинкција: Професор Georges Abi-Saab (известител) и Jean-François Quéguiner (истражувач); Посебно заштитени лица и објекти: Професор Hors Fischer (известител) и Gregor

на Обединетите нации и другите меѓународни организации, вклучувајќи ја Африканската Унија (поранешната Организација на африканското единство), Советот на Европа, Заливскиот совет за соработка, Европската Унија, Лигата на арапските држави, Организацијата на американските држави, Организацијата на исламската конференција и Организацијата за безбедност и соработка на Европа. Исто така се собираше и меѓународна судска практика во случаите кога таа даваше докази за постоење на правила на меѓународно обичајно право.

## Истражување во Архивите на Меѓународниот комитет на Црвениот крст

Заради дополнување на истражувањето во националните и меѓународните извори МКЦК ги истражуваше сопствените архиви кои се однесуваат на речиси 40 неодамнешни вооружени судири (21 во Африка, 2 во Америка, 8 во Азија и 8 во Европа).[31] Генерално, овие конфликти беа избрани со цел да бидат покриени и оние земји и конфликти кои не беа опфатени со извештајот за практиката на државите.

Резултатот од овој троен пристап - истражување на националните, меѓународните и изворите на МКЦК - е што беше опфатена практика од сите држави на светот. По природата на нештата ова истражување не може да се смета за целосно. Студијата особено се фокусираше на практиката од последните 30 години со цел добиениот резултат да претставува појасен приказ на современото меѓународно обичајно право. Меѓутоа, онаму каде што беше релевантно, беше цитирана и постарата практика.

## Експертски консултации

Во првата рунда на консултации, МКЦК ги покани меѓународните истражувачки тимови да изработат извршно резиме во кое ќе бидат содржани прелиминарните оценки на меѓународното обичајно право врз основа на собраната практика. Овие извршни резимеа беа дискутирани во рамките на Управниот комитет на три состаноци во Женева во 1998 година. Извршните резимеа што беа ревидирани и во текот на втората рунда на консултации им

---

Schotten и Heike Spieker (истражувачи); Посебни методи на војување: Професор Theodor Meron (известител) и Richard Desgagné (истражувач); Оружја: Професор Ove Bring (известител) и Gustaf Lind (истражувач); Третман на цивили и лица *hors de combat*: Françoise Hampson (известител) и Camille Giffard (истражувач); Имплементација: Eric David (известител) и Richard Desgagné (истражувач).

[31] Африка: Ангола, Бурунди, Чад, Чад-Либија, Демократска Република Конго, Џибути, Еритреја-Јемен, Етиопија (1973-1994), Либерија, Мозамбик, Намибија, Нигерија-Камерун, Руанда, Сенегал, Сенегал-Мавританија, Сиера Леоне, Сомалија, Сомалија-Етиопија, Судан, Уганда и Западна Сахара; Америка: Гватемала и Мексико; Азија: Авганистан, Камбоџа, Индија (Јаму и Кашмир), Папуа Нова Гвинеја, Шри Ланка, Таџикистан, Јемен и Јемен-Еритреја (исто и под Африка); Европа: Ерменија-Азербејџан (Нагорно Карабах), Кипар, Поранешна Југославија (конфликт во Југославија 1991-1992), конфликт во Босна и Херцеговина (1992-1996), конфликт во Хрватска (Краина) (1992-1995), Грузија (Абхазија), Руска Федерација (Чеченија) и Турција.

беа доставени на група на научни и владини експерти од сите делови на светот. Овие експерти беа поканети во нивно лично својство од страна на МКЦК да присуствуваат на состаноците на Управниот комитет во Женева во 1999 година, во текот на кои тие помогнаа да се оцени собраната практика, и укажаа на определена практика што недостасуваше[32].

## Пишување на извештајот

Оценката на Управниот комитет, ревидирана од страна на групата на научни и владини експерти послужи како основа за пишување на конечниот извештај. Авторите на студијата одново ја проучија практиката, одново го оценија постоењето на обичајот, извршија ревизија на формулацијата и на редоследот на правилата и ги формулираа коментарите. Овие нацрт текстови му беа поднесени на Управниот комитет, групата на научни и владини експерти и Правниот оддел на МКЦК. Понатаму текстот беше дополнет и финализиран, земајќи ги предвид добиените коментари.

## Резиме на наодите

Се смета дека големо мнозинство од одредбите на Женевските конвенции, вклучувајќи го зедничкиот член 3, претставува дел од обичајното меѓународно право[33]. Понатаму, имајќи предвид дека сега има 192 страни на Женевските конвенции, тие се задолжителни речиси за сите Држави како прашање на договорното право. Од тие причини обичајната природа на одредбите на Конвенциите како таква не беше предмет на студијата. Наместо тоа, студијата се фокусираше на прашања регулирани со договорите кои не се универзално ратификувани, и тоа посебно Дополнителните протоколи, Хашката конвенција за заштита на културни добра во вооружен судир и бројни посебни конвенции кои ја регулираат употребата на оружја.

Описот на правилата на обичајното меѓународно право што следи нема намера да објаснува зошто овие правила се сметаат за обичајни правила, ниту

[32] Следниве научни и владини експерти учествуваа во лично својство во овие конслутации: Abdallah Ad-Douri (Ирак), Paul Berman (Обединето Кралство), Sadi Çaycý (Турција), Michael Cowling (Јужна Африка), Edward Cummings (САД), Antonio de Icaza (Мексико), Yoram Dinstein (Израел), Jean-Michael Favre (Франција), William Fenric (Канада), Dieter Fleck (Германија), Juan Carlos Gomez Ramirez (Колумбија), Jamshed A. Hamid (Пакистан), Arturo Hernandez-Basave (Мексико), Ibrahim Idriss (Етиопија), Hassan Kassem Jouni (Либан), Kenneth Keith (Нов Зеланд), Githu Muigai (Кенија), Rein Müllerson (Естонија), Bara Niang (Сенегал), Mohamed Olwan (Јордан), Raul C. Pangalangan (Филипини), Stelios Perrakis (Грција), Paulo Sergio Pinheiro (Бразил), Arpad Prandeler (Унгарија), Pemmaraju Sreenivasa Rao (Индија), Camilo Reyes Rodriguez (Колумбија), Itse E. Sagay (Нигерија), Harold Sandoval (Колумбија), Somboon Sangianbut (Тајланд), Marat A. Sarsembayev (Казакстан), Muhamed Aziz Shukri (Сирија) Parlaungan Sihombing (Индонезија), Geoffrey James Skillen (Австралија), Guoshun Sun (Кина), Bakhtyar Tuzmukhamedov (Русија) и Karol Wolfke (Полска).

[33] Меѓународен суд на правдата, Законитост на заканата или улотребата на нуклеарно оружје, *op.cit*, (забелешка 8), стр. 257-258, став 79 и 82 (во поглед на Женевските конвенции) и случајот со воени и паравоени активности во и против Никарагва, *op.cit.* (забелешка 12), стр. 114, став 218 (во поглед на заедничкиот член 3).

пак да ја презентира практиката врз основа на која беше донесен овој заклучок. Објаснувањето зошто едно правило се смета за обичајно може да се најде во Том I од студијата, додека пак соодветната практика во Том II.

## Меѓународни вооружени судири

Дополнителниот проткол I изврши кодификација на претходно постоечките правила на меѓународното обичајно право, но исто така ги постави основите за создавање на нови обичајни правила. Собраната практика во рамките на студијата претставува сведоштво за големото влијание на Дополнителниот протокол I врз практиката на државите, не само во меѓународните, туку и во немеѓународните вооружени судири (види подолу). Студијата дојде до заклучок дека основните принципи на Дополнителниот протокол I се мошне широко прифатени, многу пошироко отколку што би сугерирале податоците за ратификацијата на Дополнителниот протокол I.

И покрај тоа што студијата немаше за цел да ја определи обичајната природа на одделните договорни одредби, на крајот стана јасно дека постојат голем број на обичајни правила кои се идентични или слични со оние кои се наоѓаат во договорното право. Примери за обичајни правила кои имаат соодветни одредби во Дополнителниот проткол I се: принципот на дистинкција помеѓу цивили и борци и меѓу цивилни објекти и воени цели[34]; забрана на недискриминирачки напади[35]; принцип на пропорционалност во нападот[36]; обврска за превземање на мерки на претпазливост во нападот и против ефектите од нападот[37]; обврската за почитување и заштита на медицински и верски персонал, медицински единици и транспорти[38], персоналот и објектите за хуманитарна помош[39], новинарите цивили[40]; обврската за заштита на медицинските должности[41]; забрана за напаѓање на небранети локалитети и демилитаризирани зони[42]; обврска за давање на милост и заштита на непријателот *hors de combat*[43]; забрана на изгладнување[44]; забрана за напаѓање на објекти нужни за опстанок на цивилно население[45]; забрана на несоодветна и перфидна употреба на амблеми[46]; обврска за почитување на фундаменталните гаранции на цивилите и лицата *hors de combat*[47]; обврска за евидентирање на исчезнати лица[48]; и посебна заштита на жени и деца[49].

[34] Види *Обичајно меѓународно хуманитарно право, op.cit,* (забелешка 4) Том I, Правило 1 и 7.
[35] *Ibid.*, Правила 11-13.
[36] *Ibid.*, Правило 14.
[37] *Ibid.*, Правила 15-24.
[38] *Ibid.*, Правила 25 и 27-30.
[39] *Ibid.*, Правила 31-32.
[40] *Ibid.*, Правило 34.
[41] *Ibid.*, Правило 26.
[42] *Ibid.*, Правила 36-37.
[43] *Ibid.*, Правила 46-48.
[44] *Ibid.*, Правило 53.
[45] *Ibid.*, Правило 54.
[46] *Ibid.*, Правила 57-65.
[47] *Ibid.*, Правила 87-105.
[48] *Ibid.*, Правило 117.

## Немеѓународни вооружени судири

Во последниве неколку декади значаен дел од практиката инсистираше на заштита на меѓународното хуманитарно право и во овие видови судири. Оваа практика имаше значително влијание врз создавањето на обичајно право применливо во немеѓународни вооружени судири. Како и Дополнителниот проткол I, така и Дополнителниот проткол II имаше далекусежен ефект на оваа практика, како последица на што голем број од неговите одредби денес се сметаат за дел од меѓународното обичајно право. Примери на правила за кои е утврдено дека се обичајни правила и кои имаат соодветни одредби во Дополнителниот протокол II се: забраната на напади врз цивили[50]; обврска за почитување и заштита на медицински и верски персонал, медицински единици и транспорти[51]; обврска за заштита на медицинските должности[52]; забрана на изгладнување[53]; забрана на напади на објекти неопходни за опстанокот на цивилното население[54]; обврска за почитување на основните гаранции на цивилите и лицата *hors de combat*[55]; обврска за потрага, почитување и заштита на ранетите, болните и бродоломниците[56]; обврска за потрага по и заштита на умрените[57]; обврска за заштита на лицата лишени од слобода[58]; забрана од присилно селење на цивили[59]; и посебна заштита на жени и деца[60].

Меѓутоа, најзначајниот придонес на меѓународното обичајно хуманитарно право при регулирањето на внатрешните вооружени судири е што тоа ги надминува одредбите на Дополнителниот протокол II. И навистина, практиката има создадено значителен број на обичајни правила кои се многу подетални од честопати рудиментарните одредби на Дополнителниот протокол II со што се пополнети значајни празнини во регулирањето на внатрешните судири.

На пример, Дополнителниот протокол II содржи само рудиментарни правила за водење на непријателствата. Членот 13 предвидува дека "цивилното население како такво, како и одделните цивили нема да бидат предмет на напад... освен ако, и сé додека, тие директно учествуваат во непријателствата". За разлика од Дополнителниот проткол I, Дополнителниот протокол II не содржи посебни правила и дефиниции во поглед на принципот на дистинкција и пропорционалност.

---

[49] *Ibid.*, Правила 134-137.
[50] *Ibid.*, Правило 1.
[51] *Ibid.*, Правила 25 и 27 - 30.
[52] *Ibid.*, Правило 26.
[53] *Ibid.*, Правило 53.
[54] *Ibid.*, Правило 54.
[55] *Ibid.*, Правила 87-105.
[56] *Ibid.*, Правила 109-111.
[57] *Ibid.*, Правила 112-113.
[58] *Ibid.*, Правила 118-119, 121 и 125.
[59] *Ibid.*, Правило 129.
[60] *Ibid.*, Правила 134-137.

Празнините во регулирањето на водењето на непријателствата во Дополнителниот протокол II во голема мерка се пополнети преку практиката на Државите што доведе до содавање на правила паралелни на оние од Дополнителниот протокол I, но кои се применуваат како обичајно право во немеѓународните вооружени судири. Ова ги покрива основните принципи на водење на непријателствата, вклучувајќи ги правилата за посебно заштитени лица и објекти и посебни методи на војување.[61]

Слично, Дополнителниот протокол II содржи само многу општа одредба за хуманитарна помош на цивилно население. Член 18 (2) предвидува дека "ако цивилното население непотребно страда поради недостиг на средства неопходни за опстанок... ќе се преземат акции за помош за цивилното население кои се исклучиво од хуманитарна и непристрасна природа и ќе се спроведат без каква и да било дистинкција". За разлика од Дополнителниот протокол I, Дополнителниот протокол II не содржи посебни одредби кои предвидуваат почитување и заштита на персоналот и објектите за хуманитарна помош и кои ги обврзуваат страните во судирот да овозможат брз и непречен премин на хуманитарната помош за цивили и да му ја обезбедат слободата на движење на персоналот овластен за хуманитарна помош, иако е спорно дали тие услови имплицитно произлегуваат од член 18 (2) од Протоколот. Овие услови се искристализирани во меѓународното обичајно право кое се применува како во меѓународните така и во немеѓународните вооружени судири како последица од широкораспространета, репрезентативна и практично униформна практика во таа смисла.

Во врска со ова треба да се укаже дека иако двата Дополнителни протоколи (I и II) предвидуваат согласност на засегнатите страни за спроведување на хуманитарните акции, најголемиот дел од собраната практика не го споменува овој услов[62]. Сепак, само по себе е очигледно дека една хуманитарна организација не може да дејствува без согласност на засегнатата страна. Меѓутоа, таквата согласност не смее да се одбие врз арбитрарна основа. Доколку се утврди дека на цивилното население му се заканува изгладнување, а хуманитарната организација која пружа хуманитарна помош на непристрасна и недискриминаторска основа е во состојба да ја разреши состојбата, страната е должна да даде согласност[63]. Додека согласноста не може да се одбие врз арбитрарни основи, практиката признава дека засегнатата

[61] Види на пример., *ibid.*, Правила 7-10 (дистинкција помеѓу цивилни објекти и воени цели), Правила 11-13 (недискриминирачки напади), Правило 14 (пропорционалност на нападот), Правила 15-21 (мерки на претпазливост при нападот); Правила 22-24 (мерки на претпазливост во однос на ефектите од нападот); Правила 31-32 (персонал и објекти за хуманитарна помош); Правило 34 (новинари цивили); Правила 35-37 (заштитени зони); Правила 46-48 (одбивање на милост); Правила 55-56 (пристап до хуманитарна помош) и Правила 57-65 (измама).
[62] Види Дополнителен протокол I, член 70(1) и Дополнителен протокол II, член 18 (2).
[63] Види: Yves Sandoz, Christophe Swinarski, Bruno Zimmermann (eds.), *Commentary on the Additional Protocols*, МКЦК, Женева, 1987, став 4885; види исто став 2805.

страна може да врши контрола врз хуманитарната акција, а персоналот за хуманитарната помош мора да го почитува домашното право за пристап на територијата како и безбедносните услови што се во сила.

## Прашања за кои се потребни натамошни појаснувања

Студијата исто така откри и определен број области во кои практиката не е сосема јасна. На пример, додека термините "борци" и "цивили" се јасно дефинирани во меѓународните вооружени судири[64], во немеѓународните вооружени судири практиката е нејасна во поглед на прашањето дали, заради водење на непријателствата, членовите на вооружената опозициона група се сметаат за членови на вооружените сили или цивили. Посебно не е јасно дали членовите на вооружените опозициони групи се цивили кои ја губат заштитата од напад кога директно учествуваат во непријателствата или дали членовите на тие групи можат да бидат предмет на напад како такви. Недоволната јасност исто така се рефлектира и во договорното право. Дополнителниот протокол II, на пример, не содржи дефиниција за цивили или цивилно население, иако овие термини се користат во неколку одредби[65]. Подоцнежните договори што се применуваат во немеѓународни вооружени судири слично ги користат термините цивили и цивилно население без да ги дефинираат[66].

Слична област каде што постојат нејаснотии во врска со регулирањето на меѓународните и немеѓународните вооружени судири е отсуството на прецизна дефиниција на терминот "директно учество во непријателствата". Губењето на заштита од напад е јасно и неспорно кога цивилот користи оружје или други средства за извршување на акти на насилство против човечки или материјални сили на непријателот. Но исто така постои значителна практика која дава сосема мали или никакви насоки за толкувањето на терминот "директно учество", определувајќи на пример, дека оценката треба да се направи од случај до случај или едноставно се повторува општото правило дека директно учество во непријателствата предизвикува цивилите да ја изгубат заштитата од напад. Поврзано со ова е и прашањето како да се квалификува лицето во случај на постоење на сомневање. Поради овие нејаснотии, МКЦК настојува да го појасни поимот на директно учество преку серија на експертски состаноци која отпочна во 2003 година[67].

[64] Види *Меѓународно обичајно хуманитарно право, op.cit.* (заблешка 4), Том I, Правило 3 (борци), Правило 4 (вооружени сили) и Правило 5 (цивили и цивилно население).
[65] Дополнителен протокол II, членови 13-15 и 17-18.
[66] Види на пример. Изменет Протокол II на Конвенцијата за определени конвенционални оружја, член 3(7)-(11); Протокол III на Конвенцијата за определени конвенционални оружја, член 2; Конвенцијата од Отава за забрана на антиперсонални мини, преамбула; Статут на Меѓународниот кривичен суд, член 8(2)(е) (i), (iii) и (viii).
[67] Види на пример, Директно учество во непријателствата во меѓународното хуманитарно право, Извештај изготвен од МКЦК, Женева, септември 2003 година, може да се најде на www.icrc.org.

Друго сеуште отворено прашање е точното поле на примена и самата примена на принципот на пропорционалност во нападот. Иако студијата укажа на широкораспространета поддршка на овој принцип, таа не даде некое поголемо појаснување од она содржано во договорното право во поглед на тоа како да се најде баланс помеѓу воената предност и случајните цивилни загуби.

**Одбрани прашања кои се однесуваат на водењето на непријателствата**

Дополнителните протоколи I и II воведоа ново правило со кое се забрануваат напади на објекти и постројки кои содржат опасни сили, дури и кога овие објекти се воени цели, доколку таквиот напад може да предизвика испуштање на опасните сили, и како последица на тоа да предизвика тешки загуби на цивилно население[68]. Иако не е јасно дали овие посебни правила станале дел од обичајното право, практиката покажува дека Државите се свесни за високиот ризик од големи случајни загуби кои можат да настанат како резултат од нападите на овие објекти и постројки кога тие претставуваат воени цели. Консеквентно на тоа, тие признаваат дека во било каков вооружен судир мора да се посвети посебно внимание во случај на напад со цел да се избегне испуштањето на опасни сили проследено со големи загуби на цивилно население. За овој услов се утврди дека претставува дел од меѓународното обичајно право што се применува во вооружен судир.

Друго ново правило воведено со Дополнителниот протокол е и забраната за употреба на методи и средства на војување со намера за причинување на широкораспространето, долготрајно и сериозно оштетување на природната средина. Од усвојувањето на Дополнителниот протокол I, оваа забрана има добиено толку голема поддршка во практиката на државите што веќе е искристализирана во обичајно право, иако некои држави упорно укажуваат дека ова правило не се применува на нуклеарните оружја, поради што тие не се обврзани да го почитуваат во поглед на нуклеарните оружја[69]. Вон ова посебно правило, студијата утврди дека природната средина се смета за цивилен објект и како таква е заштитена со истите принципи и правила кои ги заштитуваат другите цивилни објекти, особено принципите на дистинкција и пропорционалност, како и условот за превземање мерки на претпазливост при напад. Ова значи дека ниту еден дел од природната средина не може да биде предмет на напад, освен ако не претставува воена цел, и дека е забранет секаков напад на воена цел за кој може да се очекува дека ќе причини случајно оштетување на природата што би било прекумерно во однос на конкретната и директната воена предност што се очекува. Во своето советодавно мислење во *Nuclear Weapons case*, на пример, Меѓународниот суд на правдата утврдил дека "Државите мора да ги земат предвид прашањата поврзани со природната околина при оценката што е неопходно и про-

---

[68] Дополнителен протокол I, член 56(1) (освен со исклучоците во став 2) и Дополнителниот пртокол II, член 15 (без исклучоци).
[69] Види Обичајно меѓународно хуманитарно право, *op.cit.* (забелешка 4) Том I, Правило 45.

порционално за остварување на легитимните воени цели"[70]. Покрај тоа, од страните во судирот се бара да ги преземат сите практични мерки на претпазливост при водењето на непријателствата за да се избегне, и во секој случај да се минимизира случајното оштетување на околината. Недостигот на научна сигурност во поглед на ефектите врз природата од определени воени операции не ја ослободуваат страната во судирот од обврската за преземање на такви мерки на претпазливост[71].

Постојат исто така прашања кои како такви не се опфатени во Дополнителните протоколи. На пример, Дополнителните протоколи не содржат посебна одредба за заштита на персоналот и објектите вклучени во мировна мисија. Во практиката, меѓутоа, на овој персонал и објекти им се дава иста таква заштита како и на цивилите и цивилните објекти. Како резултат на ова, во Статутот на Меѓународниот кривичен суд беше внесено правило со кое се забранува напад на персоналот и објектите вклучени во мировни мисии во согласност со Повелбата на Обединетите нации, сè додека согласно меѓународното хуманитарно право ним им се признава заштита како на цивили и цивилни објекти. Тоа е дел од обичајното меѓународно право што се применува во секој вид на вооружен судир[72].

Определен број прашања кои се однесуваат на водењето на непријателствата се регулирани со Хашките правила. Овие правила долго се сметаат за обичаи во меѓународен вооружен судир[73]. Некои од овие правила меѓутоа, денес се прифатени како обичај и во немеѓународен вооружен судир. На пример, правилата на меѓународното обичајно право кои забрануваат (1) уништување или заплена на имот од непријателот, освен ако тоа не го бара непосредната воена потреба, и (2) забраната на грабежи се применуваат и во немеѓународни воени судири. Грабежот е насилно одземање на имот во приватна сопственост од припадниците на непријателот за приватна или лична употреба[74]. Двете забрани не влијаат на обичајната практика за запленување како воена добивка на воена опрема која што ѝ припаѓа на непријателската страна.

Согласно обичајното меѓународно право, командирите може да стапат во контакт кој не е непријателски преку кое било средство за комуникација, но таквиот контакт мора да биде заснован на взаемна доверба. Практиката укажува дека комуникацијата може да се врши преку посредници познати како *parlementaires*, но исто така и преку разни други средства, како што се телефон или радио. *Parlementaire* е лице припадник на страната во судирот кое е овластено да стапи во комуникација со друга страна од судирот и кое како

[70] Меѓународен суд на правдата, Законитост на заканата за употреба на нуклеарни оружја, *op.cit.* (забелешка 8) став 30.
[71] Види Обичајно меѓународно хуманитарно право, *op.cit.* (забелешка 4), Том I, Правило 44.
[72] *Ibid.*, Правило 33.
[73] Види на пример, Меѓународен воен суд од Нирнберг, *Case of the Major War Criminals*, пресуда, 1 октомври 1946, Официјални документи, Том I, стр. 253-254
[74] Види Елементи на воените злосторства за Меѓународниот кривичен суд, Грабежот како воено злосторство (член 8(2)(б)(xvi) и (е)(v) од Статутот на Меѓународниот кривичен суд.

последица на тоа е неповредливо. Традиционалниот метод со кој некој покажува дека е *parlementaire* со истакнување на бело знаме сеуште се смета за важечки. Покрај тоа, како призната практика се смета дека страните можат да се обратат на трета страна заради олеснување на комуникацијата, на пример сила заштитничка или непристрасна и неутрална хуманитарна организација кој ќе постапува како замена, посебно МКЦК, но исто така и меѓународна организација или мировна сила. Собраната практика покажува дека различни институции и организации дејствувале како посредници во преговори како во меѓународни така и во немеѓународни вооружени судири, и дека тоа е општо прифатено. Правилата кои се однесуваат на *parlementaires* датираат уште од Хашките правила и долго време биле сметани за обичај во меѓународен вооружен судир. Врз основа на практиката во последните 50 години, тие станале обичај и во немеѓународните вооружени судири[75].

Практиката укажува на два извора на правото за заштита на културните добра. Првиот датира од времето на Хашките правила и бара преземање на посебна грижа во воените операции со цел да се избегне оштетување на згради посветени на религијата, уметноста, науката, образованието или добротворни цели, како и на историските споменици, освен ако тие не се воени цели. Тоа исто така забранува заплена или уништување или намерно оштетување на овие згради и споменици. Иако овие правила долго се сметаа за обичајни правила во меѓународните вооружени судири, денес тие исто така се прифатени како обичајни правила во немеѓународни вооружени судири.

Вториот се темели на посебните одредби од Хашката конвенција за заштита на културните добра во вооружен судир од 1954 година која ги заштитува “добрата од големо значење за културното наследство на секој народ” и воведува посебен знак за идентификација на овие добра. Обичајното право денес бара овие објекти да не бидат напаѓани и тие да не се користат за цели поради кои би можеле да бидат изложени на уништување или оштетување, освен ако тоа не го бара непосредната воена потреба. Тоа исто така забранува секаков облик на кражба, грабеж, присвојување, како и било какви вандалски дејствија насочени против ваквите добра (имот). Овие забрани кореспондираат со одредбите содржани во Хашката конвенција и претставуваат доказ за влијанието на Конвенцијата врз практиката на државите во поглед на заштитата на важните културни добра.

## Оружја

Општите принципи за забрана на употреба на оружја што предизвикуваат прекумерни повреди или непотребно страдање, како и оружја кои по својата природа се недискриминирачки се сметаат за обичајни правила во секој вооружен судир. Покрај тоа, и во голема мерка врз основа на овие принципи, практиката на државите ја забранува употребата (или определени видови

[75] Види Обичајно меѓународно хуманитарно право, *op.cit.* (забелешка 4) Том I, Правило 67-69.

на употреба) на определен број посебни оружја врз основа на обичајното меѓународно право: отрови или отровни оружја; биолошки оружја; хемиски оружја; агенси за контрола на бунтови како метод на водење војна; хербициди како метод на војување[76]; куршуми што лесно се шират или собираат во човечкото тело; антиперсонални куршуми што експлодираат во човечкото тело; оружја чиј примарен ефект е да повредуваат со делови кои не можат да се детектираат со рентгентски зраци; мини-стапици кои се поврзуваат со објекти или лица кои уживаат посебна заштита според меѓународното хуманитарно право или објекти кои би можеле да привлечат цивили; и ласерски оружја што се посебно дизајнирани, со оглед на тоа што нивната единствена борбена функција или една од борбените функции е да предизвика трајно слепило.

Некои оружја, иако не се забранети како такви со обичајното право, се предмет на посебни ограничувања. Ова е случајот, на пример, со мините и запалливите оружја.

Посебно внимание треба да се посвети на минимизирањето на недискриминирачките ефекти на нагазните мини. Ова го опфаќа, на пример, принципот според кој страната во судирот што употребува мини мора да го евидентира нивниот распоред, секогаш кога тоа е можно. Исто така, на крајот на активните непријателства, страната во судирот која користела мини мора да ги отстрани или на друг начин да ги направи безопасни за цивилите, или да го олесни нивното отстранување.

Со повеќе од 140 ратификации на Конвенцијата од Отава и други што следат, мнозинството држави со договор се обврзани повеќе да не ги употребуваат, произведуваат, складираат и пренесуваат противпешадиските нагазни мини. Иако оваа забрана во моментов не е дел од обичајното меѓународно право поради значителната спротивна практика на Државите кои не се страни на Конвенцијата, речиси сите Држави, вклучувајќи ги и оние кои не се страни на Конвенцијата од Отава и кои не се сложуваат со нивната непосредна забрана, ја имаат признаено потребата за елиминација на антиперсоналните мини.

Антиперсоналната употреба на запалливи оружја е забранета, освен ако не е можно да се употреби поомалку штетно оружје за лицето да се онеспособи за борба (да се доведе во состојба *hors de combat*). Покрај тоа, доколку тие се користат мора да се посвети посебно внимание со цел да се избегне и во секој случај да се минимизира случајната загуба на цивилни животи, повреди на цивили и оштетување на цивилни објекти.

[76] Ова правило вклучува упатување на бројни други правила на меѓународното обичајно право, имено забрана на биолошко и хемиско оружје; забрана на напади на растителниот свет што не претставува воена цел; забрана на напади што би можеле да причинат случајна загуба на цивили, повреди на цивили, оштетување на цивилни објекти или нивна комбинација, за кое би можело да се очекува да бидат прекумерни во однос на конкретната и директната воена предност што се очекува; и забраната за причинување на широкораспростането, долготрајно и тешко оштетување на природната средина. Види *ibid.* Правило 76.

Повеќето од овие правила кореспондираат на договорните одредби кои првобитно се применуваа само на меѓународните вооружени судири. Овој тренд постепено се менува, на пример со измената на Протоколот II на Конвенцијата за определени конвенционални оружја во 1996 година кој се применува исто така и во немеѓународни вооружени судири, и во најново време со измената на Конвенцијата за определени конвенционални оружја од 2001 година со кои се проширува полето на примената на Протоколите I - IV на немеѓународните вооружени судири. Обичајните забрани и ограничувања на кои укажавме погоре се применуваат во секој вооружен судир.

Кога МКЦК ја доби задачата да изготви студија за обичајното меѓународно хуманитарно право, Меѓународниот суд на правдата ја разгледуваше законитоста на заканата со или употребата на нуклеарни оружја, врз основа на барањето за советодавно мислење за ова прашање од страна на Генералното собрание на Обединетите нации. МКЦК поради тоа одлучи да не прави сопствена анализа на ова прашање. Во своето советодавно мислење Меѓународниот суд на правдата едногласно утврди дека "заканата или употребата на нуклеарни оружја треба исто така да биде во согласност со барањата на меѓународното право што се применува во вооружен судир, особено со оние принципи и правила на меѓународното хуманитарно право"[77].

Овој наод е значаен поради тоа што определен број на замји се вклучија во преговорите за Дополнителниот протокол I сметајќи дека Протоколот нема да се применува на употребата на нуклеарните оружја. Мислењето на Судот меѓутоа значи дека правилата за водење на непријателствата и општите принципи на употребата на оружја се однесуваат и на употребата на нуклеарните оружја. Во примената на овие принципи и правила, Судот заклучи дека "заканата или употребата на нуклеарни оружја генерално би била спротивна на правилата на меѓународното право што се применува во вооружен судир и особено на принципите и правилата на хуманитарното право".[78]

## Основни гаранции

Основните гаранции се применуваат на сите цивили кои се под власта на страна во судирот и кои не учествуваат или престанале директно да учествуваат во непријателствата, како и на сите лица кои се *hors de combat*. Поради фактот што основните гаранции се далекусежни правила кои се применуваат на сите лица, тие во студијата не беа поделени на посебни подгрупи за различни категории на лица.

[77] Меѓународен суд на правдата, Законитост на заканата или употребата на нуклеарни оружја, *op.cit.* (забелешка 8), стр. 226.

[78] *Ibid.*, види исто 51 Сесија на Генералното собрание на Обединетите нации, Прв комитет, Изјава на Меѓународен комитет на Црвен крст, UN Doc. A/C.1/51/PV.8, 18 октомври 1996, стр.10, објавена во Меѓународната ревија на Црвениот крст, Бр. 316, 1997, стр. 118-119 ("според МКЦК тешко е да се предвиди како употребата на нуклеарни оружја би била во согласност со правилата на меѓународното право").

Сите овие основни гаранции имаат цврста основа во меѓународното хуманитарно право што се применува во меѓународни и немеѓународни вооружени судири. Во студијата најголем број од правилата кои се однесуваат на основните гаранции се формулирани на традиционалниот јазик на меѓународното хуманитарно право, бидејќи тој најдобро ја отсликува суштината на соодветното обичајно правило[79]. Некои правила, меѓутоа, беа формулирани на начин да се долови суштината на низата детални одредби кои се однесуваат на определено прашање, особено правилата кои забрануваат присилна работа без надоместок и заради злоупотреба, присилни исчезнувања и арбитрарно притворање и правилото со кое се бара почитување на семејниот живот.

Онаму каде што беше од значење, во студијата беше опфатена и практиката согласно меѓународното право за човековите права и тоа посебно во делот на основните гаранции. Ова беше сторено поради тоа што меѓународното право за човековите права продолжува да се применува во вооружени судири, што изрично е содржано во самите договори за човекови права, иако некои одредби можат да бидат дерогирани во вонредна состојба, под определени услови. Континуираната применливост на правото на човековите права за време на вооружен судир е потврдено во бројни прилики во практиката на Државите I телата за човекови права, како и од страна на Меѓународниот суд на правдата. Неодамна, Судот во своето советодавно мислење за правните последици од изградбата на ѕид на окупираните палестински територии, потврди дека "заштитата врз основа на конвенциите за човековите права не престанува во случај на вооружен судир" и дека иако можеби постојат права кои се исклучиво прашање на меѓународното хуманитарно право или правото на човековите права, има и такви права кои "можат да бидат предмет на двете гранки од меѓународнот право". Студијата не се занимава со оценка на обичајното право во однос на човековите права. Наместо тоа, практиката согласно правото за човековите права беше опфатена со цел да се поддржат, зајакнат или објаснат аналогните принципи на меѓународното хуманитарно право.

## Имплементација

Голем број од правилата за имплементација на меѓународното хуманитарно право се дел од обичајното меѓународно право. Особено, секоја страна во судирот мора да го почитува и да обезбеди почитување на меѓународното хуманитарно право од страна на нејзините вооружени сили и други лица или

---

[79] Овие правила ги вклучуваат основните гаранции дека со цивилите и лицата *hors de combat* треба да се постапува хумано и без да се прави дистинкција; забрана на убиства; забрана на тортура, сурово и нечовечко постапување и напад на личното достоинство, особено понижувачко или деградирачко постапување; забрана на телесно казнување; забрана на сакатење, медицински или научни експерименти; забрана на силување и други форми на сексуално насилство; забрана на ропство и трговија со робје во сите нивни форми; забрана на земање заложници; забрана на употреба на човечки штитови; гаранциите за фер судење; забрана на колективно казнување; и барањето за почитување на убедувањето и верските практики на цивилите и лицата *hors de combat*. Види Обичајно меѓународно хуманитарно право, *супра* забелешка 4, Том I, Правила 87-94, 96-97 и 100-1004.

групи кои дејствуваат фактички врз основа на нејзините инструкции, согласно нејзината насока или под нејзина контрола. Како резултат на тоа, секоја страна во судирот, вклучувајќи ги и вооружените опозициони групи, мора да обезбедат обука за меѓународното хуманитарно право за припадниците на своите вооружени сили. Надвор од овие општи обврски е помалку јасно во колкава мерка останатите посебни механизми за имплементација кои се задолжителни за државите се исто така задолжителни за вооружените опозициони групи. На пример, обврската за издавање на наредби и инструкции на вооружените сили со кои се обезбедува почитување на меѓународното хуманитарно право е јасно утврдена во меѓународното право за државите, но не и за вооружените опозициони групи. Слично, постои обврска Државите да имаат на располагање правни советници секогаш кога е потребно, со цел да ги советуваат воените команданти на определен ранг за примената на меѓународното хуманитарно право, но не и на опозиционите групи.

Понатаму, Државата е одговорна за повредите на меѓународното хуманитарно право кои можат да ѝ се припишат на нејзе, и од неа се бара целосно да ја надомести загубата или повредата предизвикана со тие повреди. Не е сосема јасно дали вооружените опозициони групи имаат исто таква одговорност за повредите сторени од нивните припадници и за последиците од таквата одговорност. Како што беше укажано погоре, вооружените опозициони групи мора да го почитуваат меѓународното хуманитарно право и тие мора да делуваат "под одговорна команда". Како резултат на тоа, може да се спори дека вооружените опозициони групи се одговорни за дејствијата извршени од страна на лица кои се дел од тие групи. Меѓутоа, последиците од таквата одговорност не се јасни. Особено, не е јасно во колкав обем вооружените опозициони групи се должни целосно да ја надоместат штетата, и покрај тоа што во многу земји жртвите можат да поведат граѓанска парница за надоместок на штета против сторителите.

Кога станува збор за индивидуалната одговорност, обичајното меѓународно хуманитарно право предвидува кривична одговорност за сите лица кои извршиле, кои наредиле извршување, или кои на друг начин се одговорни како команданти или претпоставени за извршување на воени злосторства. Имплементацијата на режимот на воените злосторства, а тоа опфаќа истрага за воените злосторства и гонење на осомничените, е обврска која паѓа на товар на Државите. Државите можат да ја извршуваат оваа обврска преку основање на меѓународни или мешовити судови за таа цел.

## Заклучок

Студијата не направи обид да ја определи обичајната природа на секое договорно правило на меѓународното хуманитарно право, туку настојуваше да ги анализира прашањата со цел да утврди кои правила на обичајното меѓународно право можат да се изведат врз основа на практиката на Државите по овие прашања. Еден краток преглед на некои од наодите на студијата сепак покажува дека принципите и правилата содржани во договорното право

се широко прифатени во практиката и дека тие имаат големо влијание врз создавањето на обичајното меѓународно хуманитарно право. Многу од овие принципи и правила сега се дел од обичајното меѓународно право и како такви се задолжителни за сите Држави без оглед на ратификацијата на договорите, а исто така и за вооружените опозициони групи во случај на правилата што се применуваат за сите страни во немеѓународен вооружен судир.

Студијата исто така укажува дека многу правила на обичајното меѓународно право се применуваат и во меѓународни и во немеѓународни вооружени судири и покажува во колкав обем практиката на Државите има отидено подалеку од постојното договорно право проширувајќи ги правилата применливи во немеѓународните вооружени судири. Регулирањето на водењето на непријателствата и постапувањето со лицата во внатрешни вооружени судири со тоа е подетално и поцелосно отколку што е според договорното право. Останува да се истражи во колкав обем, од хуманитарна и воена гледна точка, ова подетално и поцелосно регулирање е доволно, и дали се потребни натамошни измени.

Што се однесува до договорното право, потребна е ефикасна имплементација на правилата на обичајното меѓународно хуманитарно право преку дисеминација, обука и примена. Овие правила треба да бидат опфатени во воените прирачници и националното законодавство, секаде каде што тоа досега не е сторено.

Студијата исто така ги открива и областите во кои правото не е сосема јасно и укажува на прашањата за кои е потребно понатамошно појаснување, како што е дефинирањето на поимот цивили во немеѓународните вооружени судири, поимот на директно учество во непријателствата и обемот и примената на принципот на пропорционалност.

Во светлината на она што е досега остварено и на она што останува да се направи, на студијата не треба да се гледа како на завршеток, туку како на почеток на нов процес кој има за цел подобро разбирање на принципите и правилата на меѓународното хуманитарно право. Во овој процес, студијата може да претставува основа за плодна дискусија и дијалог за имплементацијата, појаснувањето и можниот развој на правото.

## Анекс: Листа на обичајните правила на меѓународното хуманитарно право

Оваа листа се темели на заклучоците содржани во Првиот том од студијата за обичајното меѓународно хуманитарно право. Со оглед на тоа што студијата немаше за цел да ја утврди обичајната природа на секое договорно правило на меѓународното хуманитарно право, таа не ја следи структурата на постојните договори. Полето на примена на правилата е содржано во заградите. Кратенката МВС се однесува на обичајните правила што се примену-

ваат во меѓународен вооружен судир, а кратенката НМВС се однесува на обичајните правила што се применуваат во немеѓународен вооружен судир. Во врска со последниве, за некои правила се истакнува дека се "спорно" применливи бидејќи практиката општо упатуваше во таа насока, но таа беше помалку екстензивна.

## Принципот на дистинкција

### Дистинкција помеѓу цивили и борци

**Правило 1.** Страните во судирот мораат во секое време да прават разлика помеѓу цивили и борци. Нападите можат да бидат насочени само кон борци. Нападите не смеат да бидат насочени кон цивили. [МВС/НМВС]

**Правило 2.** Забранети се дејствија или закани со насилство чија што примарна цел е ширење на терор меѓу цивилното население. [МВС/НМВС]

**Правило 3.** Сите припадници на вооружените сили на страната во судирот се борци, освен медицинскиот и религиозниот персонал. [МВС]

**Правило 4.** Вооружените сили на страната во судирот ги сочинуваат сите организирани вооружени сили, групи и единици кои се под команда што одговара пред таа страна за однесувањето на своите потчинети. [МВС]

**Правило 5.** Цивили се лица кои не се припадници на вооружените сили. Цивилното население го сочинуваат сите лица што се цивили. [МВС/НМВС]

**Правило 6.** Цивилите се заштитени од напад, освен ако и, сé додека учествуваат директно во непријателствата. [МВС/НМВС]

### Дистинкција помеѓу цивилни објекти и воени цели

**Правило 7.** Страните во судирот мора во секое време да прават дистинкција помеѓу цивилните објекти и воените цели. Нападите можат да бидат насочени само против воени цели. Нападите не смеат да бидат насочени против цивилни објекти. [МВС/НМВС]

**Правило 8.** Што се однесува до објектите, воените цели се ограничени на оние објекти кои по својата природа, локација, намена или употреба ефективно придонесуваат за воената акција и чие што целосно или делумно уништување, освојување или неутрализација, во околностите што постојат во тоа време, даваат дефинитивна воена предност. [МВС/НМВС]

**Правило 9.** Цивилни објекти се сите објекти кои не се воени цели. [МВС/НМВС]

**Правило 10.** Цивилните објекти се заштитени од напад, освен ако, и сé додека тие се воени цели. [МВС/НМВС]

### Недискриминирачки напади

**Правило 11.** Забранети се недискриминирачки напади. [МВС/НМВС]
**Правило 12.** Недискриминирачки напади се оние кои:

а) не се насочени на точно утврдена воена цел;
б) користат метод или средства на војување кои не можат да бидат насочени на посебно утврдена воена цел; или
в) користат метод или средства на војување чии ефекти не можат да се ограничат под условите што ги бара меѓународното хуманитарно право; и консеквентно, во секој ваков случај, се од таква природа што ги погодуваат воените цели и цивилите или цивилните објекти без дистинкција. [МВС/НМВС]

**Правило 13.** Забранети се напади со бомбардирање со било каков метод или средство кои како една воена цел дефинираат поголем број јасно одвоени или посебни воени цели, лоцирани во град, село или друга област која содржи слична концентрација на цивили или цивилни објекти. [МВС/НМВС]

## Пропорционалност во нападот

**Правило 14.** Забрането е преземање напад од кој може да се очекува да предизвика случајни загуби на цивилни животи, повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти, или нивна комбинација, што би биле прекумерни во однос на конкретната и директната воена предност што се очекува. [МВС/НМВС]

## Мерки на претпазливост при напад

**Правило 15.** При спроведувањето на воените операции, постојано мора да се води сметка да се поштеди цивилното население, цивилите и цивилните објекти. Мора да се преземат сите мерки на претпазливост со цел да се избегнат, и во секој случај да се минимизираат случајните загуби на цивилни животи, повреда на цивили и оштетување на цивилни објекти. [МВС/НМВС]

**Правило 16.** Секоја страна во судирот мора да стори сé што е можно за да потврди дека целите се воени цели. [МВС/НМВС]

**Правило 17.** Секоја страна во судирот мора да ги преземе сите практични мерки на претпазливост при изборот на средствата и методите на војување со цел да се избегнат, и во секој случај да се минимизираат случајните загуби на цивилни животи, повреда на цивили и оштетување на цивилни објекти. [МВС/НМВС]

**Правило 18.** Секоја страна во судирот мора да стори сé што е можно за да оцени дали може да се очекува дека нападот ќе предизивика случајни загуби на цивилни животи, повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти, или нивна комбинација, што би биле прекумерни во однос на конкретната и директната воена предност што се очекува. [МВС/НМВС]

**Правило 19.** Секоја страна во судирот мора да стори сé што е можно за да го откаже или одложи нападот доколку е очигледно дека целта не е воена цел или ако може да се очекува дека нападот ќе предизвика случајни загуби на цивилни животи, повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти или нивна комбинација, кои би биле прекумерни во однос на конкретната и директната воена предност што се очекува. [МВС/НМВС]

**Правило 20.** Секоја страна во судирот мора да даде ефикасно претходно предупредување за напад кој може да погоди цивилно население, освен ако околностите тоа не го дозволуваат. [МВС/НМВС]

**Правило 21.** Кога е можен избор помеѓу повеќе воени цели за добивање на слична воена предност, мора да се избере онаа цел чиј што напад би можело да се очекува да предизвика најмала опасност за цивилните животи и за цивилните објекти. [МВС/ можеби НМВС]

### Мерки на претпазливост во однос на ефектите на нападот

**Правило 22.** Страните во судирот мора да ги преземат сите практични мерки на претпазливост за да го заштитат цивилното население и цивилните објекти под нивна контрола од ефектите од нападот. [МВС/НМВС]

**Правило 23.** Секоја страна во судирот мора, онолку колку што е можно, да избегнува лоцирање на воени цели во рамките или блиску до густо населени области. [МВС/ можеби НМВС]

**Правило 24.** Секоја страна во судирот мора, колку што е можно, да ги отстрани цивилните лица и објекти под нејзина контрола од близината на воените цели [МВС/можеби НМВС].

## Посебно заштитени лица и објекти

### Медицински и религиозен персонал и објекти

**Правило 25.** Медицинскиот персонал кој исклучиво има медицински должности мора да се почитува и заштитува во сите околности. Тие ја губат заштитата доколку извршат, надвор од нивната хуманитарна функција, дејствија штетни за непријателот [МВС/НМВС].

**Правило 26.** Забрането е казнување на лицето за извршување на медицински должности кои се во согласност со медицинската етика или присилување на лицето кое врши медицински должности да изврши дејствија спротивни на медицинската етика [МВС/НМВС].

**Правило 27.** Религиозниот персонал кој врши исклучиво верски должности мора да се почитува и заштитува во сите околности. Тие ја губат заштитата доколку надвор од нивната хуманитарна функција се користат за извршување на дејствија штетни за непријателот [МВС/НМВС].

**Правило 28.** Медицинските единици кои имаат исклучиво медицинска намена мора да се почитуваат и заштитуваат во сите околности. Тие ја губат заштитата доколку надвор од нивната хуманитаарна функција се користат за извршување на дејствија штетни за непријателот [МВС/НМВС].

**Правило 29.** Медицинските транспорти кои вршат исклучиво медицински транспорт мора да се почитуваат и заштитуваат во сите околности. Тие ја губат заштитата доколку надвор од нивната хуманитарна функција се користат за извршување на дејствија штетни за непријателот [МВС/НМВС].

**Правило 30.** Забранети се напади насочени против медицинскиот и верскиот персонал и објекти кои имаат видливи ознаки на Женевските конвенции во согласност со меѓународното право [МВС/НМВС].

**Правило 31.** Персоналот задолжен за хуманитарна помош мора да се почитува и заштитува [МВС/НМВС].

**Правило 32.** Објектите кои се користат за хуманитарни операции мора да се почитуваат и заштитуваат [МВС/НМВС].

## Персонал и објекти вклучени во мировна мисија

**Правило 33.** Се забранува насочување на напад против персоналот и објектите вклучени во мировна мисија во согласност со Повелбата на Обединетите нации, сé додека тие имаат право на заштита која им се пружа на цивилите и цивилните објекти според меѓународното хуманитарно право [МВС/НМВС].

## Новинари

**Правило 34.** Новинарите цивили ангажирани во професионални мисии во областите на вооружениот судир мора да се почитуваат и заштитуваат сé додека директно не учествуваат во непријателствата [МВС/НМВС].

## Заштитени зони

**Правило 35.** Се забранува насочување на напад против зона утврдена за згрижување на ранети, болни и цивили од последиците од нападот [МВС/НМВС].

**Правило 36.** Се забранува насочување на напад на демилитаризирана зона за која е постигната согласност помеѓу страните во судирот [МВС/НМВС].

**Правило 37.** Се забранува насочување на напад на небранети локалитети [МВС/НМВС].

## Културни добра

**Правило 38.** Секоја страна во судирот мора да ги почитува културните добра:

А. Во воените операции мора да се води посебна грижа за да се избегне оштетување на згради наменети на религијата, уметноста, науката, образованието или оние наменети за добротворни цели, како и историските споменици, освен ако тие се воени цели.

Б. Добрата од големо значење за културното наследство на секој народ не смеат да бидат предмет на напад, освен ако тоа не го бара непосредната воена потреба [МВС/НМВС].

**Правило 39.** Забранета е употреба на добрата од големо значење за културното наследство на секој народ за цели кои можат да ги изложат на

уништување или оштетување, освен ако тоа не го бара непосредната воена потреба [МВС/НМВС].

**Правило 40.** Секоја страна во судирот мора да ги заштитува културните добра:

А. Се забранува секаква заплена, уништување или намерно оштетување на институциите наменети за религија, добротворни цели, образование, уметност и наука, историски споменици и дела на уметноста или науката.

Б. Се забранува секоја форма на кражба, ограбување, стекнување и секакви дејствија на вандализам насочени кон добрата од големо значење за културното наследство на секој народ.[МВС/НМВС]

**Правило 41.** Окупаторската сила мора да спречи нелегален извоз на културните добра од окупираната територија и мора да ги врати нелегално извезените добра на надлежните органи на окупираната територија [МВС].

## Работи и постројки со опасна моќ

**Правило 42.** Мора да се води посебна грижа во случај на напад на објекти и постројки кои содржат опасна моќ, имено брани, насипи и нуклеарни електрични централи и други постројки лоцирани на нив или во нивна близина, со цел да се избегне ослободувањето на опасната моќ и како последица на тоа, големите загуби на цивилно население [МВС/НМВС].

## Природна околина

**Правило 43.** Општите принципи за водење на непријателствата се применуваат на природната околина:

А. Ниту еден дел од природната околина не може да биде предмет на напад, освен ако се работи за воена цел.

Б. Се забранува уништување на било кој дел од природната средина, освен ако тоа го бара непосредната воена потреба.

В. Се забранува преземање на напад на воена цел од кој може да се очекува да предизвика случајно оштетување на околината кое би било прекумерно во однос на конкретната и директна воена предност што се очекува. [МВС/НМВС]

**Правило 44.** Методите и средствата на војување мора да се користат водејќи сметка за заштитата и зачувувањето на природната околина. При спроведувањето на воените операции, мора да се преземат сите можни мерки на претпазливост за да се избегне и, во секој случај, да се минимизира случајното оштетување на околината. Недостатокот на научна извесност во поглед на ефектите на определени воени операции врз околината не ја ослободува страната во судирот од обврската за преземање на такви мерки на претпазливост [МВС/можеби НМВС].

**Правило 45.** Се забранува употребата на методи и средства на војување со намера за предизвикување на широкораспространето, долготрајно и тешко оштетување на природната средина, или употреба на такви методи и сред-

ства од кои истото може да се очекува. Оштетувањето на природната средина не може да се користи како оружје [МВС/можеби НМВС].

## Посебни методи на војување

### Одбивање милост

**Правило 46.** Наредба според која нема да се има милост, заканување на противникот со тоа, или водење на непријателствата на таа основа се забранети [МВС/НМВС].

**Правило 47.** Се забранува напаѓање на лица кои се признати како лица *hors de combat*. Лице *hors de combat* е:

а) секој кој е во власт на спротивната страна;

б) секој кој е беспомошен поради тоа што е во состојба на бессознание, повреда, болест или бродоломник; или

в) секој кој јасно ја изразил намерата да се предаде;

под услов тој/таа да се воздржи од било каков непријателски акт и ако не се обиде да бега. [МВС/НМВС]

**Правило 48.** Се забранува напад на лица кои се спуштаат со падобрани од летало што паѓа [МВС/НМВС].

### Уништување и заплена на имот

**Правило 49.** Страните во судирот можат да запленат воена опрема што ѝ припаѓа на спротивната страна како воена добивка [МВС].

**Правило 50.** Се забранува уништување или заплена на имот на непријателот, освен ако тоа го бара непосредната воена потреба [МВС/НМВС].

**Правило 51:** На окупираната територија:

а) може да се конфискува подвижен јавен имот кој може да се користи за воени операции;

б) со недвижниот јавен имот може да се управува според правилото на плодоуживање; и

в) приватниот имот мора да се почитува и тој не може да се конфискува освен ако уништувањето или заплената на тој имот не го бара непосредната воена потреба [МВС].

**Правило 52.** Грабежот е забранет. [МВС/НМВС]

### Изгладнување и пристап до хуманитарна помош

**Правило 53.** Се забранува изгладнување на цивилното население како метод на војување [МВС/НМВС].

**Правило 54.** Се забранува напаѓање, уништување, отстранување или правење неупотребливи на предмети неопходни за опстанокот на цивилното население. [МВС/НМВС]

**Правило 55.** Страните во судирот мора да дозволат и да овозможат брзо и непречено одвивање на хуманитарната помош за цивилите на кои таа им е потребна, која е непристрасна по карактер, која се спроведува без притоа да се прави негативна дистинкција, под нивна контрола. [МВС/НМВС]

**Правило 56.** Страните во судирот мора да обезбедат слободно движење на овластениот персонал за хуманитарна помош што е неопходно за вршење на нивните функции. Нивното движење може привремено да се ограничи само во случај на непосредна воена потреба. [МВС/НМВС]

## Измама

**Правило 57.** Воените трикови не се забранети сé додека не го повредуваат правилото на меѓународното хуманитарно право. [МВС/НМВС]

**Правило 58.** Се забранува неправилната примена на белото знаме за примирје. [МВС/НМВС]

**Правило 59.** Неправилната употреба на знаците за распознавање (амблемите) од Женевските конвенции е забранета. [МВС/НМВС]

**Правило 60.** Употребата на амблемот и униформата на Обединетите нации е забранета, освен на начин одобрен од страна на организацијата. [МВС/НМВС]

**Правило 61.** Неправилната употреба на други меѓународно признати амблеми е забранета. [МВС/НМВС]

**Правило 62.** Неправилната употреба на знамиња или воени амблеми, знаци или униформи на непријателот е забранета. [МВС/можеби НМВС]

**Правило 63.** Употребата на знамиња или воени амблеми, знаци или униформи на неутрални или други држави кои не се страни во судирот е забранета. [МВС/можеби НМВС]

**Правило 64.** Се забранува склучување на договор за суспендирање на борбата со намера за превземање на неочекуван напад на страната која се потпира на тој договор. [МВС/НМВС]

**Правило 65.** Се забранува убивање, повредување или заробување на непријателот со прибегнување на перфидни методи. [МВС/НМВС]

## Комуникација со непријателот

**Правило 66.** Командантите можат да стапат во контакт кој не е непријателски преку кое било средство за комуникација. Таквиот контакт мора да се темели на взаемна доверба. [МВС/НМВС]

**Правило 67.** *Parlementaires* се неповредливи. [МВС/НМВС]

**Правило 68.** Командантите можат да ги преземат потребните мерки за да се спречи присуството на *parlementaire* да стане штетно. [МВС/НМВС]

**Правило 69.** *Parlementaires* кои ќе ја искористат привилегираната положба за извршување на дејствие спротивно на меѓународното право и на штета на непријателот ја губат нивната неповредливост. [МВС/НМВС]

# Оружја

## Општи принципи за употреба на оружјата

**Правило 70.** Забранета е употребата на средства и методи на војување кои по својата природа можат да предизвикаат прекумерни повреди и непотребно страдање. [МВС/НМВС]

**Правило 71.** Забранета е употребата на оружја кои по својата природа се недискриминирачки. [МВС/НМВС]

## Отрови

**Правило 72.** Забранета е употребата на отрови и отровни оружја. [МВС/НМВС]

## Биолошки оружја

**Правило 73.** Забранета е употребата на биолошки оружја. [МВС/НМВС]

## Хемиски оружја

**Правило 74.** Забранета е употребата на хемиски оружја. [МВС/НМВС]

**Правило 75.** Забранета е употреба на агенси за контрола на бунтови како метод на војување. [МВС/НМВС]

**Правило 76.** Употребата на хербициди како метод на војување е забранета ако тие:

а) по својата природа се забранети хемиски оружја;

б) по својата природа се забранети биолошки оружја;

в) се насочени против растителен свет кој не претставува воена цел;

г) би предизвикале случајна загуба на цивилни животи, повреда на цивили, оштетување на цивилни објекти, или нивна комбинација, за која може да се очекува дека ќе биде прекумерна во однос на конкретната или директната воена предност што се очекува; или

д) би предизвикале широкораспространето, долготрајано и тешко оштетување на природната околина.[МВС/НМВС]

## Куршуми што се шират

**Правило 77.** Забранета е употребата на куршуми кои лесно се шират или собираат во човечкото тело. [МВС/НМВС]

## Експлодирачки куршуми

**Правило 78.** Забранета е антиперсонална употреба на куршуми што експлодираат во човечкото тело. [МВС/НМВС]

## Оружја што повредуваат со делови што не можат да се детектираат (недетектирачки фрагменти)

**Правило 79.** Забранета е употребата на оружја чија првенствена последица е предизвикување повреди со делови (фрагменти) кои не можат да се откријат со рентгентски зраци во човечкото тело. [МВС/НМВС]

## Мини-стапици

**Правило 80.** Забранета е употребата на мини-стапици кои на било кој начин се поврзани или кои се асоцираат со објекти или лица кои уживаат посебна заштита според меѓународното хуманитарно право или со објекти кои можат да привлечат цивили. [МВС/НМВС]

## Мини

**Правило 81.** Кога се употребуваат мини, посебно мора да се води грижа да се минимализираат нивните недискриминирачки ефекти. [МВС/НМВС]
**Правило 82.** Страната во судирот што користи мини мора да го евидентира нивното поставување, колку што е тоа можно. [МВС/можеби НМВС]
**Правило 83.** На крајот од активните непријателства, страната во судирот која користела мини мора да ги отстрани или на друг начин да ги направи безопасни за цивилите или да го овозможи нивното отстранување. [МВС/НМВС]

## Запалливи оружја

**Правило 84.** Доколку се користат запалливи оружја, мора да се води посебна грижа да се избегнат и во секој случај да се минимизираат случајните загуби на цивилни жртви, повреди на цивили и оштетување на цивилни објекти. [МВС/НМВС]
**Правило 85.** Антиперсоналната употреба на запалливи оружја е забранета, освен ако не е можно да се употреби помалку штетно оружје за да се доведе лицето во положба *hors de combat*. [МВС/НМВС]

## Заслепувачки ласерски оружја

**Правило 86.** Забранета е употреба на ласерски оружја кои се посебно дизајнирани и чија што единствена борбена функција, или една од нивните борбени функции е да предизвикаат трајно слепило. [МВС/НМВС]

# Третман на цивили и лица *hors de combat*

## Основни гаранции

**Правило 87.** Со цивилите и лицата *hors de combat* мора да се постапува хумано. [МВС/НМВС]

**Правило 88.** Се забранува правење на разлика во примената на меѓународното хуманитарно право засновано на расата, бојата, полот, јазикот, религијата и уверувањето, политички или други мислења, националното или социјалното потекло, богатството, раѓањето или друг статус, или врз основа на друг сличен критериум. [МВС/НМВС]

**Правило 89.** Убиството е забрането. [МВС/НМВС]

**Правило 90.** Се забранува тортура, сурово или нечовечко постапување и напад на личното достоинство, особено понижувачко и деградирачко постапување. [МВС/НМВС]

**Правило 91.** Се забранува телесно казнување. [МВС/НМВС]

**Правило 92.** Забрането е сакатење, медицински или научни експерименти или друга медицинска постапка на која не упатува здравствената состојба на засегнатото лице и кои не се во согласност со општо прифатените медицински стандарди. [МВС/НМВС]

**Правило 93.** Забрането е силување и други форми на сексуално насилство. [МВС/НМВС]

**Правило 94.** Ропството и трговијата со робје во сите нивни форми се забранети. [МВС/НМВС]

**Правило 95.** Неплатената и навредувачката присилна работа е забранета. [МВС/НМВС]

**Правило 96.** Забрането е земањето заложници. [МВС/НМВС]

**Правило 97.** Употребата на човечки штитови се забранува. [МВС/НМВС]

**Правило 98.** Забранети се присилни исчезнувања. [МВС/НМВС]

**Правило 99.** Забрането е арбитрарно лишување од слобода. [МВС/НМВС]

**Правило 100.** Никој не може да биде обвинет или осуден, освен во фер судска постапка во која му се обезбедени сите основни судски гаранции. [МВС/НМВС]

**Правило 101.** Никој не може да биде обвинет или осуден за кривично дело за било кое дејствие или пропуштање што не претставувало кривично дело според националното или меѓународното право во времето кога било сторено, ниту пак може да му се изрече построга казна од она што можела да се примени во времето на сторувањето на кривичното дело. [МВС/НМВС]

**Правило 102.** Никој не може да биде осуден за кривично дело, освен врз основа на индивидуална кривична одговорност. [МВС/НМВС]

**Правило 103.** Колективните казни се забранети. [МВС/НМВС]

**Правило 104.** Мора да се почитуваат убедувањата и верските практики на цивилите и лицата *hors de combat*. [МВС/НМВС]

**Правило 105.** Семејниот живот мора да се почитува колку што е тоа можно. [МВС/НМВС]

## Статус на борци и воени заробеници

**Правило 106.** Борците мора да се разликуваат од цивилното население додека се ангажирани во напад или во воена операција заради подготовка на напад. Доколку тие не го направат тоа, немаат право на статус воени заробеници. [МВС]

**Правило 107.** Борците кои се фатени при вршење шпионажа немаат право да уживаат статус на воени заробеници. Тие не можат да бидат обвинети ниту осудени без претходно судење. [МВС]

**Правило 108.** Платениците, дефинирани со Дополнителниот протокол I, немаат право да уживаат статус на борци ниту воени заробеници. Тие не можат да бидат обвинети ниту осудени без претходно судење. [МВС]

## Повредени, болни и бродоломници

**Правило 109.** Секогаш кога тоа го дозволуваат околностите, а особено по битката, секоја страна во судирот мора без одлагање да ги преземе сите потребни мерки за наоѓање, собирање и евакуација на ранетите, болните и бродоломниците, без каква и да е штетна дистинкција. [МВС/НМВС]

**Правило 110.** Ранетите, болните и бродоломниците мора да добијат, во најголем практичен обем и со најмало одлагање, медицинска грижа и внимание потребно согласно состојбата во која се наоѓаат. Никаква дистинкција не смее да се прави помеѓу нив на било која друга основа, освен на медицинска. [МВС/НМВС]

**Правило 111.** Секоја страна во судирот мора да ги преземе сите потребни мерки за заштита на ранетите, болните и бродоломниците од лошо постапување и грабеж на нивниот личен имот. [МВС/НМВС]

## Умрени

**Правило 112.** Секогаш кога дозволуваат околностите, а особено по завршувањето на битката, секоја страна во судирот мора без одлагање да ги преземе сите потребни мерки за наоѓање, собирање и евакуација на умрените без каква и да е штетна дистинкција. [МВС/НМВС]

**Правило 113.** Секоја страна во судирот мора да ги преземе сите потребни мерки за да се спречи грабеж на умрените. Забрането е сакатење на мртви тела. [МВС/НМВС]

**Правило 114.** Страните во судирот мора да настојуваат да го овозможат враќањето на посмртните останки по барање на страната на која што припаѓаат или на барање на нивните блиски. Тие мора да им ги вратат нивните лични предмети. [МВС]

**Правило 115.** Умрените мора да се отстранат на достоен начин и нивните гробови мора да се почитуваат и соодветно да се одржуваат. [МВС/НМВС]

**Правило 116.** Со цел за идентификација на умрените, секоја страна во судирот мора да ги евидентира сите расположиви информации пред отстранувањето на телата и да ги означи локациите со гробови. [МВС/НМВС]
Исчезнати лица

**Правило 117.** Секоја страна во судирот мора да ги преземе сите можни мерки за регистрирање на лицата пријавени како исчезнати како резултат на вооружен судир и на нивните семејства мора да им ги даде сите расположливи информации за нивната судбина. [МВС/НМВС]

## Лица лишени од слобода

**Правило 118.** На лицата лишени од слобода мора да им се обезбеди адекватна храна, вода, облека, засолниште и медицинска грижа. [МВС/НМВС]

**Правило 119.** Жените лишени од слобода мора да бидат сместени одделно од мажите, освен онаму каде што се сместени семејства во семејни единици, и мора да бидат под непосреден надзор од страна на жени. [МВС/НМВС]

**Правило 120.** Децата лишени од слобода мора да бидат сместени одделно од возрасните, освен онаму каде што се сместени семејства во семејни единици. [МВС/НМВС]

**Правило 121.** Лицата лишени од слобода мора да се чуваат во простории кои се надвор од борбената зона и кои го заштитуваат нивното здравје и хигиена. [МВС/НМВС]

**Правило 122.** Се забранува грабеж на личните предмети на лицата лишени од слобода. [МВС/НМВС]

**Правило 123.** Личните податоци на лицата лишени од слобода мора да се евидентираат. [МВС/НМВС]

**Правило 124.**

А. Во меѓународните вооружени судири, на МКЦК мора да му се овозможи редовен пристап до сите лица лишени од слобода со цел да се констатираат условите на нивното притворање и одново да се воспостават контактите на овие лица со нивните семејства. [МВС]

Б. Во немеѓународните вооружени судири, МКЦК може да им ги понуди своите услуги на страните во судирот со цел посета на сите лица лишени од слобода од причини поврзани со судирот со цел да ги констатира условите на нивното лишување од слобода и одново воспоставување на контактите на овие лица со нивните семејства. [НМВС]

**Правило 125.** На лицата лишени од слобода мора да им се овозможи да контактираат со нивните семејства, под разумни услови во поглед на зачестеноста на контактите и потребата од цензура од страна на властите. [МВС/НМВС]

**Правило 126.** На интернираните цивли и лицата лишени од слобода од причини поврзани со немеѓународен вооружен судир мора да им се овозможи да примаат посети, особено од нивните блиски, во степен кој е практичен. [НМВС]

**Правило 127.** Личните убедувања и религиозните практики на лицата лишени од слобода мора да се почитуваат. [МВС/НМВС]

**Правило 128.**

А. Воените заробеници мора да бидат ослободени и репатрирани без одлагање по престанокот на активните непријателства. [МВС]

Б. Интернираните цивили мора да бидат ослободени веднаш по престанокот на причините за нивното интернирање, а најдоцна веднаш по престанокот на активните непријателства. [МВС]

В. Лицата лишени од слобода во врска немеѓународен вооружен судир мора да бидат ослободени веднаш штом ќе престанат причините за нивното лишување од слобода. [НМВС]

Лишувањето од слобода на овие лица може да продолжи ако е во тек кривична постапка против нив или ако издржуваат санкција изречена на законит начин.

## Раселување и раселени лица

**Правило 129.**

А. Страните во меѓународен вооружен судир не можат да депортираат ниту пак да вршат присилен трансфер на цивилно население на окупираната територија, во целост или делумно, освен ако тоа е потребно поради безбедноста на цивилите или од непосредни воени причини. [МВС]

Б. Страните во немеѓународен вооружен судир не можат да наредат раселување на цивилно население, во целост или делумно, од причини поврзани со судирот, освен ако тоа е потребно поради безбедноста на цивилите или од непосредни воени причини. [НМВС]

**Правило 130.** Државите не можат да депортираат или да вршат трансфер на нивното сопствено цивилно население на територијата под нивна окупација. [МВС]

**Правило 131.** Во случај на раселување, мора да се преземат сите потребни мерки за прифаќање на цивилите во задоволителни услови на сместување, хигиена, здравје, сигурност и исхрана, како и мерки против разделување на членовите од исто семејство. [МВС/НМВС]

**Правило 132.** Раселените лица имаат право на доброволно сигурно враќање во нивните домови или места на вообичаено живеење веднаш по престанокот на причините за раселувањето. [МВС/НМВС]

**Правило 133.** Мора да се почитуваат сопственичките права на раселените лица. [МВС/НМВС]

### Други лица кои уживаат посебна заштита

**Правило 134.** Мора да се почитуваат посебните здравствени потреби и потребите за заштита и помош на жените засегнати со вооружениот судир. [МВС/НМВС]

**Правило 135.** Децата засегнати со вооружениот судир имаа право на посебно почитување и заштита. [МВС/НМВС]

**Правило 136.** Децата не смеат да бидат регрутирани во вооружените сили или вооружените групи. [МВС/НМВС]

**Правило 137.** Не смее да се дозволи децата да земат учество во непријателствата. [МВС/НМВС]

**Правило 138.** Старите лица, инвалидите и немоќните лица засегнати со вооружениот судир имаат право на посебно почитување и заштита. [МВС/НМВС]

## Имплементација

### Почитување на меѓународното хуманитарно право

**Правило 139.** Секоја страна во судирот мора да го почитува и да обезбеди почитување на меѓународното хуманитарно право од страна на нејзините вооружени сили и другите лица или групи кои постапуваат по нејзините инструкции, или согласно нејзините насоки или под нејзина контрола. [МВС/НМВС]

**Правило 140.** Обврската за почитување и за обезбедување на почитување на меѓународното хуманитарно право не зависи од реципроцитетот. [МВС/НМВС]

**Правило 141.** Секоја држава мора да има на располагање правни советници кои ќе ги советуваат воените команданти на определено ниво за примената на меѓународното хуманитарно право. [МВС/НМВС]

**Правило 142.** Државите и страните во судирот мора да обезбедат обука по меѓународно хуманитарно право на нивните вооружени сили. [МВС/НМВС]

**Правило 143.** Државите мора да ја поттикнат наставата по меѓународно хуманитарно право на цивилното население. [МВС/НМВС]

### Примена на Меѓународното хуманитарно право

**Правило 144.** Државите не смеат да поттикнуваат повреди на меѓународното хуманитарно право од страна на страните во судирот. Тие мора да го искористат нивното влијание во најголема можна мера за запирање на повредите на меѓународното хуманитарно право. [МВС/НМВС]

**Правило 145.** Воените репресалии, доколку не се забранети со меѓународното право, се предмет на строги услови. [МВС]

**Правило 146.** Воените репресалии против лица заштитени со Женевските конвенции се забранети. [МВС]

**Правило 147.** Забранети се репресалии против објекти заштитени со Женевските конвенции и Хашката конвенција за заштита на културните добра во вооружен судир. [МВС]

**Правило 148.** Страните во немеѓународни вооружени судири немаат право да прибегнуваат кон воени репресалии. Забранети се други контрамерки против лицата кои не учествуваат, или кои престанале да учествуваат директно во непријателствата. [НМВС]

## Одговорност и обештетување

**Правило 149.** Државата е одговорна за повреди на меѓународното хуманитарно право што ги извршила, вклучувајќи ги:

а) повредите извршени од нејзините органи, вклучувајќи ги и нејзините вооружени сили;

б) повредите извршени од лица или органи што таа ги овластила да вршат елементи на извршна власт;

в) повредите извршени од лица или групи кои дејствуваат според нејзините инструкции, или под нејзини насоки или контрола; и

г) повредите извршени од приватни лица или групи кои таа ги признава и чие однесување го прифаќа.[МВС/НМВС]

**Правило 150.** Државата одговорна за повреда на меѓународното хуманитарно право мора да изврши целосен надомест на причинетата загуба или повреда. [МВС/НМВС]

## Индивидуална одговорност

**Правило 151.** Поединците се кривично одговорни за воените злосторства што ќе ги извршат. [МВС/НМВС]

**Правило 152.** Командантите и другите претпоставени се кривично одговорни за воени злосторства извршени согласно нивните наредби. [МВС/НМВС]

**Правило 153.** Командантите и другите претпоставени се кривично одговорни за воени злосторства извршени од нивните потчинети, ако знаеле или ако можеле да знаат дека нивните потчинети се подготвуваат да извршат или извршуваат такви злосторства, а не ги презеле сите потребни и разумни мерки за да го спречат нивното извршување, или доколку такви злосторства веќе се извршени, да ги казни одговорните лица. [МВС/НМВС]

**Правило 154.** Секој борец е должен да не ја почитува наредбата што е очигледно незаконита. [МВС/НМВС]

**Правило 155.** Извршувањето на наредбата од претпоставениот не го ослободува потчинетиот од кривична одоговорност доколку потчинетиот знаел дека дејствието за чие што извршување е дадена наредба е незаконито или требало да знае со оглед на очигледно незаконитата природа на дејствието за чие што извршување била дадена наредбата. [МВС/НМВС]

## Воени злосторства

**Правило 156.** Сериозните повреди на меѓународното хуманитарно право претставуваат воени злосторства. [МВС/НМВС]

**Правило 157.** Државите се должни да предвидат универзална јурисдикција за воените злосторства на нивните национални судови. [МВС/НМВС]

**Правило 158.** Државите мора да ги гонат воените злосторства извршени од нивни државјани или вооружени сили, или на нивната територија, и доколку е можно да ги обвинат осомничените. Тие исто така мора да ги истражуваат и другите воени злосторства за кои се надлежни, и доколку е можно, да ги гонат осомничените. [МВС/НМВС]

**Правило 159.** На крајот од непријателствата, органите што се на власт мора да настојуваат да дадат најширока можна амнестија на лицата кои учествувале во немеѓународен вооружен судир, на оние кои се лишени од слобода од причини поврзани со конфликтот, со исклучок на лицата кои се осомничени, обвинети или осудени за овени злосторства. [НМВС]

**Правило 160.** За воените злосторства не се применуваат роковите на застареност. [МВС/НМВС]

**Правило 161.** Државите мора да соработуваат меѓусебно, колку што е тоа можно, за да овозможат истрага за воените злосторства и гонење на осомничените. [МВС/НМВС]